1626
Službeni vesnik SR
Makedonije
... Skopje
fah 51
2

# СЛУЖБ[ЕН ЛИСТ]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ[ДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 28 ноември 1986
БЕЛГРАД
БРОЈ 64 ГОД. XLII

Цена ... за 1986 година изнесува ... рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јован Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**918.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федертивна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ВО ПОГЛЕД НА СРЕДСТВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ ШТО ТИЕ ГИ КОРИСТАТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за правата и должностите на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 ноември 1986 година.

П бр. 642
26 ноември 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Синан Хасани, с. р.**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Иво Врандечиќ, с. р.**

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ВО ПОГЛЕД НА СРЕДСТВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ ШТО ТИЕ ГИ КОРИСТАТ

Член 1

Во Законот за правата и должностите на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/80) во член 19 став 2 се брише.

Член 2

Во член 22 став 2 се брише.
Досегашниот став 3 станува став 2.

Член 3

Во член 23 став 3 се менува и гласи:
„Предметите што се прибавуваат со надомест можат да се прибавуваат само во рамките на средствата обезбедени за таа намена.".

Член 4

Член 28 се менува и гласи:
„Ако сојузниот орган поради промена на делокругот, намалување на задачите и работите или други околности престане да го користи предметот, може тој предмет да го пренесе, да го замени или да му го даде на привремено користење на друг сојузен орган.

Ако ниеден сојузен орган нема потреба да го користи предметот, сојузниот орган од став 1 на овој член може да одлучи, со согласност од сојузниот орган на управата надлежен за работи ка организација на сојузната управа, тој предмет, со надомест или без надомест, да се пренесе или да му се даде на привремено користење на општествено правно лице, да се замени или со надомест да се отуѓи од општествена сопственост, ако тој предмет не можел да се пренесе, да се замени или да му се даде на привремено користење на друго општествено правно лице.

Сојузниот извршен совет одлучува за преносот на недвижности и средства за репрезентација, со надомест или без надомест, врз општествено-политичка заедница односно врз друго општествено правно лице, за замената или за отуѓувањето на тие средства, со надомест, од општествена сопственост.

Сојузниот орган што го користи предметот може, по претходно прибавена согласност од сојузниот орган на управата надлежен за работите на организација на сојузната управа, да одлучи, заради порационално користење, тој предмет заеднички да го користи со друго општествено правно лице, ако нема потреба тој предмет заеднички да се користи со друг сојузен орган.".

Член 5

Во член 33 став 2 се менува и гласи:
„За прибавување на земјиште одлучува Сојузниот извршен совет.".
Став 3 се брише.

Член 6

Во член 35 ст. 4 и 5 се бришат.

Член 7

Во член 39 зборовите: „ги пропишуваат органите од член 14 на овој закон" се заменуваат со зборовите: „ги пропишува Сојузниот извршен совет".
Се додава нов став 2, кој гласи:
„Сојузниот извршен совет може да одлучи да се даде отказ на договорот за закуп на службени простории од член 36 на овој закон без претходна согласност од собранието на општината на чија територија се наоѓаат службените простории, ако тие службени простории се потребни за сместување на сојузните органи.".

Член 8

Во член 43 став 1 се менува и гласи:
„Собранието на СФРЈ, на предлог од Сојузниот извршен совет, донесува програма за прибавување на станбени згради, станови и гаражи за потребите на сојузните органи со средства на буџетот на федерацијата.".
Во став 2 уводната реченица се менува и гласи:
„Програмата од став 1 на овој член се заснова врз потребите на органите од член 14 на овој закон, што ги утврдуваат:".
Став 3 се брише.
Досегашните ст. 4 и 5 стануваат ст. 3 и 4.

Член 9

Во член 44 по зборот: „заедница" запирката се брише и се додаваат зборовите: „врз основа на одлуката на органите од член 14 на овој закон односно одлуката на работната заедница на сојузниот орган за чии потреби се прибавуваат,".

Член 10

По член 44 се додава називот на новиот оддел и десет нови членови, кои гласат:
„Сосопственост

Член 44а

На стан прибавен за потребите на функционер, раководен работник или работник во сојузниот орган, на кој право на располагање има СФРЈ, а право на давање на користење има сојузниот орган или работната заедница на сојузниот орган, може да се стекне право на сопственост на идеален дел од станот (сосопственост на стан).

Правото на сопственост на идеален дел на станот од став 1 на овој член може да се стекне:

1) со здружување на лични средства на функционерот, раководниот работник и работникот со средствата на сојузниот орган односно со средствата на работната заедница на сојузниот орган наменети за прибавување на станови;

2) со купување на идеален дел од станот од страна на носителот на станарско право;

3) со пренос на правото на сопственост над стан односно над семејна станбена зграда на функционер, раководен работник или работник во сојузниот орган и со отстапување во замена за идеален дел од стан на сојузниот орган односно на работната заедница на сојузниот орган што се доделува на користење;

4) со вложување лични средства на носителот на станарско право во финансирањето на работите за подобрување на условите за домување.

Член 44б

Право на сопственост над идеален дел од стан може да се стекне ако вредноста на идеалниот дел на станот над кој се заснова правото на сопственост изнесува најмалку 20% од вкупната вредност на станот, со тоа што вредноста на идеалниот дел на станот при секој натамошен откуп не може да биде помала од 5% од вредноста на станот.

Сопственикот на идеален дел на стан може да го откупува тој стан во идеални делови додека во целост не стекне право на сопственост над тој стан.

Под вредност на станот, на дел од станот односно станбената зграда, во смисла на овој закон, се подразбира прометната вредност што се утврдува според прописите за утврдување на основицата за разрежување на данок на промет на недвижности, со тоа што таквиот стан се смета како уселив.

Член 44в

Средствата што по основ на стекнување право на сопственост над идеален дел на стан ќе ги оствари сојузниот орган односно работната заедница на сојузниот орган се користат за задоволување на станбените потреби на функционерите, раководните работници и работниците во сојузниот орган односно во работната заедница на сојузниот орган.

Член 44г

За стекнувањето право на сопственост над идеален дел од стан на сојузниот орган односно на работната заедница на сојузниот орган одлучуваат:

1) за становите што се прибавуваат од стредствата од буџетот на федерацијата – органите од член 14 на овој закон односно работните тела што тие ќе ги овластат;

2) за становите што се прибавуваат од средствата на работната заедница – органот определен со самоуправниот општ акт, по претходно прибавена согласност од сојузниот орган на управата надлежен за работи на организација на сојузната управа.

Член 44д

На станот над кој постои право на сопственост на идеален дел од станот сојузниот орган односно работната заедница на сојузниот орган има право на давател на стан на користење, кое произлегува од прописите за станбените односи, додека станот во целост не се откупи, во поглед на управувањето, правото на давање на користење, отказот на договорот за користење на станот и давањето согласност за замена на станот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член над испразнет стан на сојузниот орган односно на работната заедница на сојузниот орган над кој, во согласност со овој закон, е заснован сосопственички однос така што во сопственост се наоѓаат најмалку 50% од неговата вредност, право на првенствено добивање на станот на користење има брачниот другар, потомокот, посвоеникот, родителот или посвоителот кој правото на сопственост над идеален дел од станот го стекнал со правна работа или со наследство.

Во случајот од став 2 на овој член кога како носители на правото на првенствено добивање на станот на користење се појавуваат повеќе лица, првенство има она лице чиј сосопственички дел е најголем, а кога сосопственичките делови се еднакви – право на првенствено добивање на станот на користење има лицето чии станбени потреби се поголеми.

Сопственикот на идеален дел од стан, како корисник на тој стан има положба, права и обврски на носител на станарско право што произлегуваат од прописите за станбените односи и учествува сразмерно со својот сосопственички дел во трошоците за инвестиционо и текушто одржување на заедничките делови на зградата, а за делот од станот во општествена сопственост плаќа станарина.

Член 44ѓ

Меѓусебните права и обврски на сопственикот над идеален дел на стан и на сојузниот орган односно работната заедница на сојузниот орган се уредуваат со договор во согласност со законот.

Договорот од став 1 на овој член што не е склучен врз основа на претходна одлука на органите од член 44г став 1 на овој закон и не е во согласност со одредбите на овој закон не произведува правно дејство.

Член 44е

Договорот врз основа на кој се стекнува сосопственост на стан со здружување на средства задолжително содржи:

1) износи, рокови и начин на здружување на средствата;

2) големина, категорија и положба на станот за чија изградба или купување се вложуваат средства;

3) вредност на станот и на уделот на личните средства, како и износ на тие вредности изразен во процент;

4) услови, начин и рокови за извршување на договорот.

Член 44ж

Договорот врз основа на кој се стекнува сосопственост на стан со купување на идеален дел од стан во општествена сопственост или со замена за друг стан во смисла на член 44а став 2 точ. 2 и 3 од овој закон задолжително содржи:

1) податоци за станот над чијшто идеален дел се стекнува право на сопственост односно за станот кој се дава во замена;

2) вредност на станот и цена на неговиот идеален дел кој се купува односно вредност на станот кој се дава во замена, како и однос на тие вредности изразен во процент;

3) услови, начин и рокови за извршување на договорот.

Член 44з

Ако се продава идеален дел од стан над кој постои право на сопственост, право на првенствено купување има сојузниот орган односно работната заедница на сојузниот орган, а ако станот во општествена сопственост над кој постои право на сопственост над идеален дел од станот се отуѓува право на првенствено купување има сосопственикот.

Идеалниот дел од станот над кој постои право на сопственост може да се наследува во согласност со прописите за наследување недвижности.

Со наследување на идеалниот дел од станот не престануваат правата на лицата што го користат тој стан според одредбите на овој закон и прописите за станбените односи.

Член 44ѕ

Во станбена зграда прибавена за потребите на функционерите, раководните работници и работниците во сојузните органи може да се стекне етажна сопственост над стан во согласност со прописите на општествено-политичката заедница на чија територија се наоѓа таа станбена зграда.".

Член 11

По член 46 се додава нов член 46а, кој гласи:

„Член 46а

Органите од член 14 на овој закон можат да утврдат обврска функционерот, раководниот работник и работникот во сојузниот орган кои од органот ќе добијат стан на користење, да учествуваат со лични средства во финансирањето на изградбата на станот, како и услови и начин на вложување и враќање на тие средства.".

Член 12

Во член 47 по зборовите: „тој орган" се додаваат зборовите: „прибавени со средствата на работната заедница и со средствата здружени со други општествени правни лица,".

По став 1 се додаваат нови ст. 2 и 3, кои гласат:

„Со самоуправниот општ акт од став 1 на овој член работната заедница на сојузниот орган може да ја утврди обврската за учество на лични средства на работникот што ќе добие стан на користење во финансирањето на изградбата на станот, како и условите и начинот на вложување и враќање на тие средства во согласност со законот.

Работната заедница на сојузниот орган одлучува за замена на правото на давање стан на користење и за замена на носителот на станарско право за станот над кој има право на давање на користење, согласно со прописите на општествено-политичката заедница на чија територија се наоѓа станот, а на начинот утврден со самоуправниот општ акт.".

Член 13

Во член 50 став 2 бројот: „30" се заменува со бројот: „15".

Член 14

Во член 65 став 1 зборот: „меѓусебно" се брише.

Став 2 се брише.

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 2 и 3.

Член 15

По член 69 се додава називот на новиот пододдел и седум нови членови, кои гласат:

„9а. Примање и давање подароци во односите со странство.

Член 69а

Подароците што функционерите, раководните работници и работниците на сојузните органи од член 7 на овој закон ќе ги примат од претставник на странска држава, орган на странска држава, организација или институција во странска држава или од странски државјанин стануваат општествена сопственост.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, функционерите, раководните работници и работниците на сојузните органи од член 7 на овој закон можат да стекнат сопственост на пригоден подарок со помала вредност, кој не може да биде во пари (монета), а што се дава за спомен или во знак на меѓународна соработка или солидарност.

Член 69б

На претставници на странска држава, на орган на странска држава, на организација или институција на странска држава или на странски државјанин не можат да им се даваат подароци од средствата во општествена сопственост што ги користат сојузните органи.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, можат, за спомен или во знак на меѓународна соработка или солидарност, да се даваат пригодни подароци со помала вредност од домашно производство.

За давањето подароци од став 2 на овој член одлучуваат сојузните органи од член 7 на овој закон.

Член 69в

Собранието на СФРЈ односно телото што тоа ќе го овласти, Претседателството на СФРЈ и Сојузниот извршен совет можат да одлучат на шефот на странска држава, на претседателот на парламент на странска држава или на претседателот на влада на странска држава да може да му се даде подарок чија вредност е поголема од износот предвиден во член 69г став 1 на овој закон.

Член 69г

Под пригоден подарок со помала вредност, во смисла на овој закон, се подразбира подарок чија вредност не го надминува износот од 50% од просечниот месечен личен доход на работниците во СФРЈ од претходната година.

Сојузниот извршен совет формира комисија за проценување на вредноста на подароците.

Член 69д

Одредбите на овој закон што се однесуваат на примањето и давањето подароци во односите со странство се применуваат и на лицата што со одлука на надлежниот сојузен орган се определени да ја претставуваат СФРЈ.

Член 69ѓ

Функционерите, раководните работници и работниците на сојузните органи и лицата од член 69д на овој закон што од претставник на странска држава, орган на странска држава, организација или институција или од странски државјанин ќе добијат подарок, се должни тој подарок, без одлагање, да и го пријават на комисијата од член 69г на овој закон, најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето на подарокот.

Подарокот што ќе стане општествена сопственост му се предава на надлежниот орган што го определува Сојузниот извршен совет на чување или за излагање во определени простории на сојузните органи.

Подарокот за кој комисијата од член 69г на овој закон ќе процени дека е со помала вредност, му се предава во сопственост на примателот на подарокот.

Член 69е

Одредбите од овој закон за примањето и давањето подароци во односите со странство не се однесуваат на подароците што од името на СФРЈ, со одлука на Собранието на СФРЈ односно на телото што тоа ќе го овласти, на Претседателството на СФРЈ и на Сојузниот извршен совет, и се даваат на странска држава од средствата во општествена сопственост што ги користат сојузните органи.".

Член 16

Во член 88 став 2 се менува и гласи:

„Сојузните органи ги прибавуваат, користат и располагаат со материјалните права во согласност со законот.".

Член 17

Во член 94 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Сојузниот орган е должен склучениот договор од став 1 на овој член да го достави до Сојузното јавно правобранителство во рок од 15 дена од денот на склучувањето.".

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 18

Во член 98 по зборовите: „член 13" се додаваат зборовите: „став 1 и став 3 точка 2".

Член 19

По член 100 се додава нов член 100а, кој гласи:

„Член 100а

Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи води евиденција за становите, становите за службени потреби, гаражите и деловниот простор во станбените згради над кои право на располагање има СФРЈ, по сојузни органи и работни заедници на сојузните органи, и тоа:

1) на име на органите од член 14 на овој закон за становите, становите за службени потреби и гаражите што ги

користат функционерите и раководните работници, за становите и гаражите што ги користат лицата што добиле станови и гаражи во својство на функционери или раководни работници на тие органи, како и за становите и гаражите што ги користат други лица по основа на замена односно проширување добиено од тие органи;

2) на име на сојузните органи по работни заедници - за становите и гаражите што ги користат работниците на тие органи и лицата што добиле стан по основа на работен однос во тие органи, како и за становите и гаражите што ги користат други лица по основа на замена односно проширување добиено од органот односно од работната заедница;

3) ако станот, станот за службени потреби или гаражата не може да се евидентира на начинот од точ. 1 и 2 на овој член, се евидентира на име на Сојузниот извршен совет;

4) на име на Сојузниот извршен совет се евидентира деловниот простор што се наоѓа во станбените згради на сојузните органи.

Сојузните органи од член 14 на овој закон и работните заедници на сојузните органи водат евиденција за становите и гаражите над кои имаат право на давање на користење, со основни податоци за локацијата, структурата, големината и годишниот износ на амортизацијата на станот односно гаражата и податоци за корисникот на станот односно гаражата.".

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за забрана на примање подароци од страна на претставници и членови на делегации и за забрана на давање подароци од општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65).

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ да го утврди пречистениот текст на Законот за правата и должностите на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

## 919.

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 43/82), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД НА РАСТЕНИЈАТА ВО ПРОМЕТОТ ПРЕКУ ГРАНИЦАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. За вршење на задолжителен здравствен преглед на растенијата во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се наплатува надомест.

2. Височината на надоместот за задолжителен здравствен преглед на пратките на растенија што се извезуваат, увезуваат и реекспортираат, во зависност од видот на пратката, изнесува, и тоа:

1) за вагонски и камионски пратки и за пратки во контејнери, до 10 тони - 430 динари, а за секој натамошен тон односно започнат тон во пратката преку 10 тони - уште по 30 динари;

2) за бродски пратки - 14 динари за еден тон, а најмалку 430 динари за една пратка;

3) за денчени и авионски пратки до три колети - 430 динари, а за секој натамошен колет - уште по 14 динари;

4) за поштенски пратки до 10 килограми - 90 динари, а за секој натамошен килограм - уште по 14 динари;

5) за пратки што патниците и персоналот на превозни средства го носат со себе, до 10 килограми - 90 динари, а за секои натамошни започнати 10 килограми - уште по 20 динари;

6) за пратки на дрво (трупци, режана граѓа, јамско дрво, разни видови преработки од дрво и др.) - 17 динари за секој кубен односно просторен метар; а за пратки на целулозно и огревно дрво - 14 динари за секој кубен односно просторен метар;

7) за помошни прегради од штици на брод или шлеп што се отстрануваат од нив по употребата - 140 динари за секој кубен метар;

8) за преглед на остатоците на товар од растително потекло по чистењето на бродот односно шлепот - 1.100 динари по брод односно шлеп.

3. Височината на надоместот за задолжителен здравствен преглед на пратките на растенија што во провозот преку Социјалистичка Федеративна Република Југославија се претоваруваат или се провозуваат во отворени превозни средства, во зависност од видот на пратката изнесува, и тоа:

1) за вагонски и камионски пратки, освен за пратки на дрво, до 10 тони - 280 динари, а за секој натамошен започнат тон - уште по седум динари;

2) за вагонски и камионски пратки на дрво - до 10 кубни односно просторни метри - 280 динари, а за секој натамошен кубен односно просторен метар на дрво - уште по седум динари;

3) за бродски пратки, освен за пратки на дрво, до 10 тони - 280 динари, а за секој натамошен започнат тон уште по четири динари;

4) за бродски пратки на дрво до 10 кубни односно просторни метри 280 динари, а за секој натамошен кубен односно просторен метар уште по четири динари.

4. Надоместот за задолжителен здравствен преглед на семе и саден материјал се зголемува за 100% од височината на надоместот определен во одредбите под 1 до 5 на точка 2 и во одредбите под 1 и 2 на точка 3 од оваа одлука.

5. За празна амбалажа од растително потекло што се враќа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а служела за испраќање на пратки на растенија, се плаќа 50% од височината на надоместот определен во одредбите под 1 до 3 на точка 2 од оваа одлука.

6. Ако увозникот, извозникот односно превозникот бара да се прегледа амбалажата за стоки што не подлежат на задолжителен здравствен преглед, се плаќа надомест како за вагонски односно бродски пратки.

7. Ако извозникот не ги подготви навремено стоките за задолжителен здравствен преглед, а повика инспектор за заштита на растенијата да ги прегледа стоките и инспекторот дојде на местото на натоварот во определеното време, должен е на име дангубење на инспекторот да плати 2.000 динари по еден час чекање.

8. Износот на надоместот за преглед на пратките од точ. 2 до 7 на оваа одлука што се врши ноќе и во денови на државни празници се зголемува за 50% од надоместите предвидени во точ. 2 до 7 на оваа одлука.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на надоместот за вршење на задолжителен здравствен преглед на растенијата во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/85).

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 475
6 ноември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ, с. р.**

## 920.

Врз основа на член 134 став 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85) и согласноста од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ И НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 1986 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на општествените дејности и на општествените организации за 1986 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/86 и 55/86) во точка 2 ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Девизите од став 1 на оваа точка се распоредуваат во следните износи:

| Реден број | Корисник | Износ во САД долари |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Авторски агенции (за авторски хонорари) | 1,200.000 |
| 2 | Стопанска комора на Југославија | 161.400 |
| 3 | Туристички сојуз на Југославија | 3.000 |
| 4 | Задружен сојуз на Југославија | 11.097 |
| 5 | Национален одбор на СФРЈ на Меѓународната трговска комора | 7.684 |
| 6 | ССРНЈ - весници „Борба" | 629.598 |
| 7 | Сојуз на радиоаматерите на Југославија | 450.000 |
| 8 | Воздухопловен сојуз на Југославија | 200.000 |
| 9 | Наутички сојуз на Југославија | 200.000 |
| 10 | Фотосојуз на Југославија | 50.000 |
| 11 | Киносојуз на Југославија | 50.000 |
| 12 | Автомото сојуз на Југославија | 200.000 |
| 13 | Сојуз на астронаутичките организации на Југославија | 50.000 |
| 14 | Сојуз за подводните активности на Југославија | 50.000 |
| 15 | Едриличарски сојуз на Југославија | 50.000 |
| 16 | Кајакарски сојуз на Југославија | 50.000 |
| 17 | Народна техника на Југославија | 1,100.000 |
| 18 | Други општествени организации | 550.000 |
| | ВКУПНО 1 до 18 | 5,012.779 |

Девизите во износ од 550.000 САД долари, утврдени под редниот број 18 точка 1 од оваа одлука, претставуваат средства на резервите. Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на финансиите, врз основа на барањата од општествените организации што не се опфатени во точка 1 под ред. бр. 1 до 17 на оваа одлука, дава налог за користење на средствата на резервите, кој во секој поединечен случај може да изнесува до 10.000 САД долари".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 476
6 ноември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с.р.

## 921.

Врз основа на член 56 став 3 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ИЗВРШЕН ВЕТЕРИНАРСКО-САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАТКИ НА ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ, ОПЛОДЕНИ ЈАЈНИ ЌЕЛИИ ЗА ОПЛОДУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ДРУГИ ПРЕДМЕТИ СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСУВА ЗАРАЗНА БОЛЕСТ ВО ПРОМЕТОТ ПРЕКУ ГРАНИЦАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. За извршен ветеринарско-санитарен преглед на граничните премини при извозот, увозот и провозот на пратки на животни, производи, суровини на отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, се наплатува надомест.

2. Височината на надоместот за вагонски, камионски, бродски, контејнерски и авионски пратки изнесува, и тоа:

1) за пратки на животни (копитари и чапункари) во превозно средство:

- при извоз до 10 тони нето-тежина - 600 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 45 динари;
- при увоз до 10 тони нето-тежина - 800 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 60 динари;
- во провоз (транзит) до 10 тони нето-тежина - 4.200 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 420 динари;

2) за пратки на животни (живина, птици, зајаци, питоми зајаци и дивеч, како и мајмуни за лабораториски потреби) во превозно средство:

- при извоз и увоз до пет тони нето-тежина - 600 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 60 динари;
- во провоз (тразнит) до пет тони нето-тежина 3.300 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 330 динари;

3) за пратки на еднодневна перната живина (пилиња, мисирки, гувчиња, пајчиња и др.) во превозно средство:

- при извоз и увоз до 10.000 парчиња - 600 динари, а за секои натамошни започнати 1.000 парчиња - уште по 45 динари;
- во провоз (транзит) до 10.000 парчиња - 2.800 динари, а за секои натамошни започнати 1.000 парчиња - уште по 280 динари;

4) за пратка на месо во превозно средство:

- при извоз и увоз до 10 тони нето-тежина - 800 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 60 динари;
- во провоз (транзит) до 10 тони нето-тежина - 4.200 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 420 динари;

5) за пратки на производи од месо, маст, млеко и производи од млеко, јајца и производи од јајца, семе за вештачко осеменување на животни, риби, пчели и производи од пчели, свилени буби, жаби, полжави, школки, желки и други лазачи и мекотелци и сите нивни производи, лој, техничка маст од животинско потекло, брашно од животинско потекло (од месно, месно-коскено, крмно, рибино, од пердуви, рожни делови и др.), мешаница на храна за животни што содржат суровини од животинско потекло, кожа, коски, волна, длаки, четина, гриви, опашки, рогови, копита, чапункари, животински внатрешни органи, животинска телесна течност, како и за пратки на земјоделски производи ако за нив со меѓународни договори се бара уверение дека потекнуваат од подрачја што не се заразени со заразни болести на животни кои со односниот производ би можеле да се пренесат на други животни, во превозно средство:

- при извоз и увоз до 10 тони нето-тежина - 650 динари, а за секоја натамошна започната тона - уште по 50 динари;
- во провоз (транзит) до 10 тони нето - тежина - 2.800

динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 280 динари.

3. Височината на надоместот за денковни пратки изнесува, и тоа:

1) за секое грло крупни животни односно за секои започнати 10 парчиња ситни животни или 50 паричиња живина или птици;

– при извоз и увоз – 290 динари;

– во провоз (транзит) – 1.650 динари;

2) за практиге од точка 2 одредба под 5 на оваа одлука:

– при извоз и увоз до три колети – 600 динари, а за секој натамошен колет -уште по 60 динари.

– во провоз (транзит) до три колети – 2.800 динари, а за секој натамошен колет – уште по 280 динари.

Вкупниот надомест за денковна пратка не може да изнесува повеќе од височината на надоместот пропишан за тој вид пратка ако таа би се испраќала како вагонска, камионска, бродска или авионска.

4. Височината на надоместот за животни (кучиња, мачки, мајмуни и други припитомени диви животни, освен животни што му припаѓаат на циркус) по парче односно по пратка изнесува, и тоа:

– при извоз и провоз (транзит) – 1.650 динари;

– при увоз – 2.900 динари.

Надоместот за животни што му припаѓаат на циркус се наплатува според точ. 2 и 3 на оваа одлука.

5. Височината за остатокот на товарот по чистењето на бродот, односно шлепот, по брод односно шлеп на надоместот изнесува и тоа:

1) за домашен брод односно шлеп – 1.450 динари;

2) за странки брод односно шлеп – 4.200 динари.

6. Надоместот за извршен преглед на пратки од точ. 2 до 5 на оваа одлука во провоз (транзит) се плаќа на влезниот граничен премин. По исклучок, ако прегледот не е извршен на влезниот граничен премин, пратката се прегледува на излезниот граничен премин, а надоместот за преглед се зголемува за 100% од надоместот предвиден со тие точки.

Надоместот за извршен преглед на пратки од точ. 2 до 5 на оваа одлука во провоз (транзит) што се претоваруваат во југословенски луки и воздухопловни пристаништа се зголемуваат за 50%.

7. Износот на надоместот за преглед на пратки од точ. 2 до 5 на оваа одлука што се врши во текот на ноќта (на граничните премини на кои за тоа постојат услови – светло од 550 лукса на 90 cm од предметот што се прегледува, рампи и посебни колосеци) – се зголемува за 50% од износот на надоместот предвиден во тие точки.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на надоместот за извршен задолжителен ветеринарско-санитарен преглед на пратки на животни, животински производи, животински суровини, животински отпадоци, семе за вештачко осеменување и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/85).

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 474
6 ноември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

## 922.

Врз основа на чл. 21 и 123 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85 и 38/86), по прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1. Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот, во Списокот на стоките со форми на извозот и увозот („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/85, 11/86, 23/86 и 28/86) во тар. бр. 28.06/2; 28.42/2а-4а; 28.45/7; 29.04/6в; 29.07/2б-1; 29.14/4г-2-2; 29.16/1б-1, 1в-4, 1г и 3д; 29.21/3б-1; 29.22/2г, 5а и 7; 29.23/2б-1, 2б-2, 4а, 4в, 4г, 4ѓ, 4е, 4ж, 5б, 5г, 6а, 6б, 6в, 6г, и 6ѓ; 29.24/2а; 29.25/1в-2, 2а, 2в, и 2г; 29.26/2а-2 и 2г-1; 29.27/2б; 29.29/1; 29.31/7а, б, в и д; 29.35/2в, д, љ, и м; 29.36/2, 6, 12, 14, 15, 18, 19, 20 и 21; 29.38/1, 2а, б, д, ѓ, и 6а-1; 29.39/1а, 1в, 2, 3, 4; 19.41/1, 3а, 4а и 4г; 29.42/3б-2; 29.44/1 до 4; 35.07/1д и 2 и 39.06/2б во колона 6 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „ЛБ".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 466
25 септември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

## 923.

Врз основа на член 43 став 2 од Законот за обезбедување на плаќањето меѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75, 13/76, 22/78, 31/83, 70/83, 15/84, 70/84, 24/86 и 34/86), Сојузниот извршен совет, по претходно прибавеното мислење од Народната банка на Југославија, донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИОТ КРЕДИТЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ДО КОЈ ОСНОВНАТА ОДНОСНО ЗДРУЖЕНАТА БАНКА МОЖЕ ДА АВАЛИРА МЕНИЦИ

1. Краткорочниот кредитен потенцијал на основната односно на здружената банка (во натамошниот текст: банката) го сочинуваат износите на краткорочните пласмани искажани во книговодството на контата од групата конта 13, 32, 33, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, освен контата 460 и 47, и контата 360, 362 и 363.

2. Краткорочниот кредитен потенцијал банката го утврдува врз основа на податоците искажани во книговодството според состојбата на денот на составувањето на периодичната пресметка односно на завршната сметка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на периодичната пресметка односно на завршната сметка до Службата на општественото книговодство, најмногу до износот на краткорочните пласмани од точка 1 на оваа одлука.

Банката може да одлучи краткорочниот кредитен потенцијал од точка 1 на оваа одлука да се зголеми за дел од износот на утврденот ликвиден инвестиционен потенцијал на банката кој не е искористен за давање гаранции и авалирање меници на корисниците на општествени средства по основ на инвестиции во периодот за кој се утврдува краткорочниот кредитен потенцијал на банката.

3. Краткорочниот кредитен потенцијал, утврден според одредбите на точ. 1 и 2 од оваа одлука, се искажува на образецот ККП – Краткорочен кредитен потенцијал за периодот од ______ до ______ 19____ година, кој е отпечатен кон оваа одлука и е нејзин составен дел.

Службата на општественото книговодство на Југославија ќе го приспособи, по потреба, образецот ККП за автоматска обработка.

Образецот ККП, со податоците за утврдување на краткорочниот кредитен потенцијал, банката ќе го достави до надлежната Служба на општественото книговодство во рокот од точка 2 став 1 на оваа одлука.

4. Под искористен краткорочен кредитен потенцијал се подразбираат износите на:

1) авалираните меници чиј рок на втасаност не истекол;

2) протестираните меници што не се исплатени;

3) обврските покриени со гаранции што ги дала банката.

5. За искористениот краткорочен кредитен потенцијал банката води евиденција и го искажува во своето книговодство.

Во евиденцијата за искористениот краткорочен кредитен потенцијал банката ги искажува податоците, и тоа:

1) за меничниот износ и за рокот на втасаноста на авалираните меници – посебно за мениците што втасуваат во рок до 90 дена, а посебно за мениците што втасуваат во рокот подолг од 90 дена;

2) за износот на дадената гаранција, за износот на извршените обврски покриени со гаранција, за износот на обврските покриени со гаранција што втасуваат во периодот за кој е утврден краткорочниот кредитен потенцијал и за износот на тие обврски што втасуваат по тој период;

3) за износот на овластувања дадени на интерните банки за авалирање меници во име и за сметка на основната односно здружената банка.

Состојбата на искористениот краткорочен кредитен потенцијал банката го искажува според бруто принципот на соодветните конта од групата конта 99 – Вонбилансна евиденција, така што посебно да бидат искажани износите:

1) на авалираните меници по месеците во кои втасуваат за плаќање, со тоа што мениците на кои им истекол рокот на втасаноста, освен протестираните меници што не се исплатени, се искнижуваат;

2) на дадените гаранции за обврските што втасуваат во периодот за кој е утврден краткорочниот кредитен потенцијал, а посебно за обврските што втасуваат по тој период, како и за исплатените обврски по дадените гаранции;

3) на авалираните меници од страна на интерните банки врз основа на овластување.

6. Корисникот на општествени средства чии обврски се покриени со гаранција ја известува банката-гарант писмено, во рок од осум дена по истекот на месецот, за износот на извршените обврски покриени со гаранција во изминатиот месец, без оглед на изворите на средства од кои се исплатени, освен ако обврската ја извршила банката – гарант по основ на гаранција.

Корисникот на општествени средства чија меница ја авалирала банката, ја известува банката за протестот на меницата, ако меницата е протестирана.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на краткорочниот кредитен потенцијал на банката („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/76 и 34/78).

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 473
3 ноември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с.р.

**Образец ККП**

Банка ______________________

Седиште ______________________

Жиро-сметка ______________________

КРАТКОРОЧЕН КРЕДИТЕН ПОТЕНЦИЈАЛ

за периодот од ________ до ________ 19____ година

| Реден број | Конто | Позиција | Износ на краткорочниот кредитен потенцијал – претколона | Износ на краткорочниот кредитен потенцијал – главна колона |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

Краткорочниот кредитен потенцијал во износ од динари ________ до кој во периодот од ________ до ________ 19____ година можат да се даваат гаранции и да се авалираат меници на корисниците на општествени средства, освен гаранции и меници по основ на инвестиции, го утврдил-ла ________________ 19____ година.

Потписи
на овластените лица

______________________

Забелешка:

1. Износите на краткорочните пласмани се внесуваат во овој образец според редоследот на синтетичките конта во книговодството на банката.

2. Износот на делот од ликвидниот инвестиционен потенцијал од точка 2 став 2 на Одлуката за начинот на утврдување на краткорочниот кредитен потенцијал на банката до кој основната, односно здружената банка може да авалира меници се внесува во овој образец по износите од забелешката под 1.

3. Износите на краткорочните пласмани по синтетичките конта се внесуваат во претколоната, а нивниот збир – во главната колона на овој образец. Износите под 2 на оваа забелешка се внесуваат во главната колона на овој образец.

---

## 924.

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75, 13/76, 22/78, 31/83, 70/83, 15/84, 70/84, 24/86 и 34/86), Сојузниот извршен совет, по претходно прибавеното мислење на Народната банка на Југославија, донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИКВИДНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ПОТЕНЦИЈАЛ НА ОСНОВНАТА ОДНОСНО ЗДРУЖЕНАТА БАНКА И НА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА

1. Ликвидниот инвестиционен потенцијал на основната односно здружената банка (во натамошниот текст: банката) го сочинуваат износите:

1) на долгорочните пласмани што втасуваат за наплата во годината за која се утврдува ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката – искажани во образецот Биланс на состојбата на 31 декември освен износите чија наплата е сомнителна или спорна;

2) на планираното зголемување на долгорочните извори на средства во текот на годината за која се утврдува ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката.

Под износ на планираното зголемување на долгорочните извори на средства се подразбира износот на изворите на долгорочните средства по кои рокот за враќање е подолг од една година, а е обезбеден по основ на:

– здружени и орочени средства на корисниците на општествени средства, како и на здружени и други средства што преку банката се насочуваат за сметка на здружувачот;

– здружени и орочени средства на граѓани и граѓански правни лица;

– средства присобрани со емисија на обврзници и други хартии од вредност;

– финансиски кредити и заеми од странство и депозити на странски лица;

– финансиски кредити и заеми од странство за инвестиции во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, што ги зеле корисници на општествени средства, а по кои банката е гарант;

3) на планираното зголемување на краткорочните извори на средства во текот на годината за која се утврдува ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката, а што според прописите можат да се користат за инвестиции.

Под износ на планираното зголемување на краткорочните извори на средства што според прописите можат да се користат за инвестиции се подразбира делот на изно-

сот на изворите на краткорочните средства по видување односно по кои рокот за втасување е до една година и кои според одредбите од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните бнаки на републиките и народните банки на автономните покраини и прописите донесени врз основа на тој закон можат да се користат за долгорочни пласмани на средствата, а кој е обезбеден по основ на:

- депозити по видување на корисници на општествени средства;

- депозити по видување на граѓани и граѓански правни лица;

- здружени и орочени средства на корисници на општествени средства;

- здружени и орочени средства на граѓани и граѓански правни лица;

- средства присобрани со емисија на обврзници и други хартии од вредност.

Планираното зголемување на долгорочните и краткорочните извори на средства што според прописите можат да се користат за инвестиции, во ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката не може да изнесува повеќе од просечниот процент на зголемувањето на тие средства остварено во последните три години за одделна позиција наведена во одредбите под 2 и 3 на оваа точка, освен по изворите на средства обезбедени со емисија на обврзници и други хартии од вредност, со финансиски кредити и заеми од странство, со депозити на странски лица и со финансиски кредити и заеми од странство за инвестиции во Социјалистичка Федеративна Република Југославија што ги зеле корисници на општествени средства, а по кои банката е гарант, ако банката располага со веродостојна документација за обезбедување на планиранитте извори на средства по тие основи.

Планираното и оствареното зголемување на долгорочните и краткорочните извори на средства што според прописите можат да се користат за инвестиции се утврдува во однос на состојба на тие извори искажана во завршната сметка за претходната година.

Ако за определени долгорочни и краткорочни извори на средства се планира односно оствари намалување во однос на состојбата на тие извори искажана во завршната сметка за претходната година, за износот на намалувањето се намалуваат износите што го сочинуваат ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката (во образецот се внесуваат со знакот - (минус)).

Под износи чија наплата е сомнителна или спорна, во смисла на одредбата под 1 на оваа точка, се подразбираат и износите на побарувањата од корисникот на општествени средства што побарувањето го оспорил или утужил, како и побарувањата од корисникот на општествени средства врз основа на чија финансиска состојба банката ќе оцени дека наплатата не ќе може да ја изврши во годината за која го утврдува ликвидниот инвестиционен потенцијал.

2. Ликвидниот инвестиционен потенцијал утврден на начинот од точка 1 на оваа одлука се зголемува за износот на супергаранциите што банката ги добила од други банки за годината за која се утврдува тој потенцијал.

Ликвидниот инвестиционен потенцијал утврден на начинот од точка 1 на оваа одлука се намалува за износот на средствата на основачите и депонентите на банката, што, во смисла на член 26 став 3 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, не ја прифатиле гаранцијата за односните инвестиции, а според состојбата на тие средства на денот на утврдувањето на ликвидниот инвестиционен потенцијал.

3. Ликвидниот инвестиционен потенцијал за тековната година односно за повеќе наредни години, ако банката авалира меници и дава гаранции по основ на инвестиции чија обврска за плаќање втасува во наредните години, го утврдува банката врз основа на податоците искажани во завршната сметка на банката за претходната година, во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на завршната сметка до Службата на општествено книговодство.

Банката може да одлучи ликвидниот инвестиционен потенцијал да се утврди во текот на годината, ако во работењето на банката настапат околности што битно го менуваат ликвидниот инвестиционен потенцијал утврден според одредбите на став 1 од оваа точка.

Во текот на годината банката ќе го следи остварувањето на планираното зголемување на долгорочните и краткорочните извори на средства и ако планираното зголемување не се остварува, ќе го утврди коригираниот износ на ликвидниот инвестиционен потенцијал.

Ликвидниот инвестиционен потенцијал утврден за односната година се искажува на образецот ЛИП - Ликвиден инвестиционен потенцијал за 19_____ година, што е отпечатен кон оваа одлука и е нејзин составен дел.

Службата на општественото книговодство на Југославија, по потреба, ќе го приспособи образецот ЛИП за автоматска обработка.

Банката го доставува образецот ЛИП со податоците за утврдување на ликвидниот инвестиционен потенцијал до надлежната служба на општественото книговодство во рокот од став 1 на оваа точка.

Банката ќе го достави образецот ЛИП со податоците за остварениот ликвиден инвестиционен потенцијал до надлежната служба на општественото книговодство во роковите од член 37 став 1 на Законот за книговодството („Службен лист СФРЈ", бр. 25/81, 12/84 и 53/85) а за периодот за кој се составува периодичната пресметка односно завршната сметка.

4. Ликвидниот инвестиционен потенцијал што банката ќе го утврди за наредната година или за повеќе наредни години не може да биде поголем од износот на ликвидниот инвестиционен потенцијал утврден според одредбите на точ. 1 и 2 од оваа одлука за годината во која се утврдува ликвидниот инвестиционен потенцијал.

5. Банката на крајот на секој месец ќе го утврди износот на ликвидниот инвестиционен потенцијал искористен за давање гаранции и авалирање на меници дадени по основ на инвестиции.

Искористениот ликвиден инвестиционен потенцијал за давање гаранции и авалирање на меници дадени по основ на инвестиции, го сочинува износот, и тоа на:

1) дадените гаранции од член 26 на Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства намален за износот исплатен по основ на обврските што се предмет на гаранциите што ги исплатил должникот, банката како кредитор или банката како гарант;

2) супергаранцијата од член 16 на Законот за обезбедување на плаќања на инвестициите и од член 27 на Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства намален за исплатениот износ од одредбата под 1 на овој член и за износот што го исплатила банката-супергарант по основ на обврските покриени со гаранција;

3) авалираните меници според одредбите на член 15 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, чиј рок на втасаност не истекол, како и на мениците што се протестирани.

Искористениот ликвиден инвестицион потенцијал на банката по основ на обврските покриени со гаранција што втасуваат во наредните 12 месеци и по основ на авалираните меници што втасуваат во тој рок не може да биде поголем од утврдениот ликвиден инвестицонен потенцијал за годината во која се врши неговото утврдување.

6. Корисникот на општествени средства за чија обврска е дадена гаранција ја известува банката-гарант писмено, во рок од 8 дена од денот на извршувањето на исплатата, за износите на извршените исплати на обврските покриени со гаранција од средствата на должникот и од другите извори на средства, освен од средствата на банката гарант, како и за износите дадени во други инструменти за обезбедување на плаќањето за обврските покриени со гаранција.

7. За искористениот ликвиден инвестиционен потенцијал банката води евиденција и го искажува во своето книговодство.

Во евиденцијата за искористениот ликвиден инвестиционен потенцијал банката ги искажува, и тоа:

1) износот на дадените гаранции, извршените исплати на обврските покриени со гаранција, планираното втасување на обврските во наредните 12 месеци и обврските што втасуваат по тој рок;

2) износот на авалираните меници што втасуваат за плаќање во наредните 12 месеци и износот на мениците што втасуваат по тој рок.

Состојбата на искористениот ликвиден инвестиционен потенцијал банката ја искажува според бруто принципот на соодветните конта од групата конта 99 - Вонбилан-

сна евиденција, така што посебно да бидат искажани, и тоа:

1) износот на дадените гаранции по годините на кои се однесуваат, износот на извршените обврски покриени со гаранции и износот на извршените обврски покриени со гаранции без оглед на тоа дали обврските втасале или не втасале;

2) износот на авалираните меници со рок на втасаност до 90 дена, износот на авалираните меници со втасаност во наредните 12 месеци и износот на другите авалирани меници врз товар на ликвидниот инвестционен потенцијал.

8. За применитe овластувања за давање гаранции и за дадените гаранции по овласување на корисникот на општесвтвени средства, банката води евиденција во која го искажува и тоа:

1) износот на применитe овластувања за давање гаранции од корисникот на општествени средства;

2) износот на дадените гаранции по овластување од корисникот на општествени средства;

3) износот на извршените обврските за кои е дадена гаранција по овластување, а кои ги извршил должникот, банката како кредитор, давателот на овластувањето за давање гаранции, банката како гарант;

4) износот на гаранциите по овластување по основ на кои не се извршени обврските, без оглед на тоа дали обврските втасале или не втасале.

Одредбите на точка 6 од оваа одлука се применуваат и на должникот за чии обврски е дадена гаранција по овластување.

9. Корисникот на општествени средства што ги намирил втасаните обврски може да даде овластување за давање гаранција најмногу до следните износи, и тоа:

1) организациите на здружен труд и други организации и заедници што водат книговодство според Уредбата за контниот план и за билансите за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/85 и 45/86) (во натамошниот текст: организациите на здружен труд) - до износот на неангажираните средства обезбедени од трајни и долгорочни извори зголемен за износот на амортизацијата по претсметката за тековната година и за износот на долгорочните пласмани што втасуваат за наплата во тековната година и намален за износот на обврските што се плаќаат од средствата за инвестици за период за кој се утврдува износот до кој можат да се даваат овластувања за давање гаранција;

2) корисниците на општествени средства, освен организациите на здружен труд (во натамошниот текст: други корисници на општествени средства) - до износот на расположливите средства за инвестици зголемен:

- за износот на амортизацијата по претсметка за тековната година;

- за износот на планираните приходи во тековната година што во согласност со законот можат да се користат за инвестиции;

- за износот на долгорочните пласмани што втасуваат за наплата во тековната година, а кои се дадени од средствата за инвестиции и намален за износот на обрските во тековната година што се плаќаат од средствата за инвестиции, за период за кој се утврдува износот до кој можат да се даваат овластувања за давање гаранција.

Организацијата на здружен труд односно друг корисник на општествени средства го утврдува износот до кој може да дава овластување за давање гаранции на образецот и на начинот пропишан за утврдување на средствата што, во согласност со Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, можат да се користат за инвестиции односно за обезбедување плаќање на инвестиции.

10. Корисникот на општествени средства води евиденција за дадените овластувања за давање гаранција во која се внесуваат податоци за банката на која ѝ е дадено овластување, за должникот за чии обврски се дава гаранцијата, за износот на кој овластувањето за давање гаранција гласи и за износот на извршените исплати на обврските покриени со гаранција по овластување.

Во рок од 15 дена од денот на истекот на месецот банката ќе го извести давателот на овластувањето за давање гаранција за износите на вкупно извршените исплати на обврските покриени со односната гаранција.

11. Со денот на влегувањето на оваа одлука во сила престанува да важи Одлуката за утврдување на ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката и на условите за давање овластување за давање гаранција („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/76, 34/78, 16/79, 62/80, 15/82 и 51/84).

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 472
3 ноември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

**Образец ЛИП**

Банка ____________

Седиште ____________

Жиро-сметка ____________

## ЛИКВИДЕН ИНВЕСТИЦИОНЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА 19____ ГОДИНА

| Реден број | Позиција | Износ на ЛИП утврден-остварен на ден ______ 19__ год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Износи на долгорочните пласмани што втасуваат за наплата и чија наплата се предвидува во годината за која се утврдува ЛИП | |
| 2. | Планирано зголемување на ЛИП по долгорочните извори на средства (2.1. до 2.5.) | |
| | 2.1. По основ на здружени и орочени средства на корисниците на општествени средства чиј рок на враќање е подолг од една година | |
| | 2.2. По основ на здружени и орочени средства на граѓани и граѓански правни лица чиј рок на враќање е подолг од една година | |
| | 2.3. По основ на средства присобрани со емисија на обврзници и други хартии од вредност чиј рок на враќање е подолг од една година | |
| | 2.4. По основ на финансиски кредити и заеми од странство и депозити на странски лица, чиј рок на враќање е подолг од една година | |
| | 2.5. По основ на финансиски кредити и заеми од странство за инвестиции во Југославија што ги зеле корисници на општествени средства и по кои банката е гарант | |
| 3. | Планирано зголемување на ЛИП по краткорочни извори на средства во делот што може да се користи за долгорочни пласмани (3.1. до 3.5.) | |
| | 3.1. По основ на депозити по видување на корисниците на општествени средства 3.2. | |

| | |
|---|---|
| 3.2. | По основ на депозити по видување на граѓани и граѓански правни лица |
| 3.3. | По основ на здружени и орочени средства на корисниците на општествени средства со рок на втасаност до една година |
| 3.4. | По основ на здружени и орочени средства на граѓани и граѓански правни лица со рок на втасаност до една година |
| 3.5. | По основ на средства присобрани со емисија на обврзници и други хартии од вредност со рок на втасаност до една година |
| 4. | Вкупно планирано зголемување на ЛИП (2 плус 3) |
| 5. | Зголемување за износот според точка 2 став 1 од Одлуката |
| 6. | Вкупно (1+4+5) |
| 7. | Намалување за износот според точка 2 став 2 од Одлуката |
| 8. | Ликвиден инвестиционен потенцијал (6 минус 7) |
| 9. | Искористен износ на ЛИП (9.1. плус 9.2.) |
| 9.1. | Состојба на дадените гаранции, супергаранции, што го товарат ЛИП во извештајниот период |
| 9.2. | Состојба на дадените авали на мениците што го товарат ЛИП во извештајниот период |
| 10. | Слободен-неангажиран износ на ЛИП (8 минус 9) |

Ликвидниот инвестиционен потенцијал во износ од динари ______ до кои во 19____ година можат да се даваат гаранции и да се авалираат меници за обезбедување плаќање на инвестиции го утврдил-ла ______

______19____ година

Потписи
на овластените лица

## 925.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за основите на општествените совети („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика на седницата од 6 ноември 1986 година донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА СТОПАНСКИ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

За претседател на Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика се избира Вojo Срзентиќ, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Бр. 129-2/86
6 ноември 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот општествен
совет за стопански развој и
економска политика,
**Иво Перишин**, с. р.

## 926.

Врз основа на член 43 од Деловникот за работа на Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика, а во врска со член 36 од Законот за основите на општествените совети и за сојузните општествени совети („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот општествен совет на седницата од 6 ноември 1986 година донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА СТОПАНСКИ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

За секретар на Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика се именува м-р Воислав Грубачиќ, виш советник во Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи.

Бр. 128-2/86
7 ноември 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот општествен
совет за стопански развој и
економска политика,
**Вojo Срзентиќ**, с. р.

## 927.

Врз основа на член 136 точка 1а од Законот за основите на системите за врски („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/74, 29/77 и 52/83), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ ПОД КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ РАДИОСТАНИЦИТЕ ЗА ФРЕКВЕНЦИСКИ ИЛИ ФАЗНО МОДУЛИРАНИ РАДИОТЕЛЕФОНСКИ ЕМИСИИ

Член 1

Во Правилникот за техничките и експлоатационите услови под кои можат да се користат радиостаниците за фреквенциски или фазно модулирани радиотелефонски емисии („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/81 и 42/82) членот 2 се менува и гласи:

„Техничките и експлоатационите услови пропишани со овој правилник се однесуваат и на матичните и репетиторските радиостаници што се користат и во радиотелефонските системи за повикување на лица, а не се однесуваат на:

1) радиостаниците што се вклучуваат во телефонската мрежа на системите за врски на ЈПТТ;

2) преносните и џебните радиостаници;

3) радиостаниците за повеќеканални (мултиплексни) радиотелефонски емисии.".

Член 2

Во член 4 по зборовите: „можат да работат" се додаваат зборовите: „на доделени фреквенции".

Член 3

По член 4 се додава нов член 4а, кој гласи:

„Член 4а

Радиостаниците можат да работат во каналите чии централни фреквенции се целобројни производи од 25 kHz.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, ако е потребно да се обезбеди додатна заштита во приемот на саканите сигнали, радиостаниците можат да работат и во каналите чии централни фреквенции се поместени за 12,5 kHz од централните фреквенции од став 1 на овој член.".

Член 4

Во член 6 став 2 зборот: „радиостаниците", се заменува со зборовите: „постојаните, матичните и репетиторските радиостаници".

Член 5

Во член 7 став 1 се менува и гласи:

„При дуплексниот начин на работа или симплексниот начин на работа со две фреквенции (преку репетиторски радиостаници), во фреквенциските опсези меѓу: 69 и 78 MHz, 78 и 87 MHz, 147 и 156 MHz, 156 и 165 MHz, 165 и 174 MHz, 430 и 440 MHz, (430 до 432 MHz и 438 до 440 MHz), 440 и 460 MHz, како и 460 и 470 MHz, растојанието помеѓу предавателната и приемната фреквенција на радиостаниците, како и положбата на предавателната фреквенција во однос на приемната фреквенција на матичните, репетиторските и копнените подвижни радиостаници, мораат да бидат, првенствено, според условите дадени во табелата број 1:

**Табела бр. 1**

| Фреквенциски опсези | Растојание помеѓу предавателната и приемната фреквенција на радиостаниците, во MHz | Предавателна фреквенција во однос на приемната фреквенција | |
|---|---|---|---|
| | | кај матичните и репетиторските радиостаници | кај копнените подвижни радиостаници |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Помеѓу 69 и 78 MHz | 4,5 | Пониска | Повисока |
| Помеѓу 78 и 87 MHz | 4,5 | Повисока | Пониска |
| Помеѓу 147 и 156 MHz | 4,5 | Пониска | Повисока |
| Помеѓу 156 и 165 MHz | 4,5 | Повисока | Пониска |
| Помеѓу 165 и 174 MHz | 4,5 | Пониска | Повисока |
| Помеѓу 430 и 440 MHz | 8 | Повисока | Пониска |
| Помеѓу 440 и 460 MHz | 10 | Пониска | Повисока |
| Помеѓу 460 и 470 MHz | 5 | Повисока | Пониска" |

Член 6

Член 9 се менува и гласи:

„Радиостаниците можат во работата да ги користат емисиите од видот F3EJN (со карактеристика на преакцентуација од 6 dB по октава) или G3EJN.

По исклучок од одредбата од став 1 од овој член, заради обезбедување тајност на радиотелефонските врски, може да се дозволи радиостаниците во работата да ги користат и емисиите од видот F3EKN или G3EKN.

Симболите во ознаките на видовите емисии од ст. 1 и 2 на овој член ги имаат следните значења: F-фреквенциска модулација; G-фазна модулација; 3-еден канал кој содржи аналогна информација; Е-телефонија; Ј-звук од комерцијален квалитет; К-звук од комерцијален квалитет со користење на инверзија на фреквенции или поделба на опсези; N-без мултиплексирање."

Член 7

Во член 70 зборовите: „видот на емисијата" се заменуваат со зборовите: „видовите на емисиите".

Член 8

Во член 15 став 1 се менува и гласи:

„Односот на заштитата за ист, поместен и соседен канал, кој обезбедува нормален квалитет на приемот на радиостаниците, е еднаков на следните медиумски вредности, и тоа:

1) + 8 dB - за растојание помеѓу централните фреквенции на саканиот и несаканиот сигнал од 0 kHz (ист канал);

2) − 7 dB - за растојание помеѓу централните фреквенции на саканиот и несаканиот сигнал од 12,5 kHz (поместен канал);

3) − 70 dB - за растојание помеѓу централните фреквенции на саканиот и несаканиот сигнал од 25 kHz (соседен канал)."

Во став 2 зборовите: „односот на заштитата" се заменуваат со зборовите: „односот на заштитата за ист канал".

Член 9

Во член 16 по зборовите: „селективно повикување" се додаваат зборовите: „или управување со автоматска блокада на радиоприемникот со употреба на континуелен тон".

Член 10

Во член 20 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Повеќеканалните радиоуреди со фреквенциски синтезатори мораат да бидат изработени така што да можат да се програмираат за работа на однапред определени фреквенции внатре во комутациониот опсег."

Член 11

По член 20 се додава нов член 20а, кој гласи:

„Член 20а

Антенскиот приклучник на радиоуредот мора да биде од коаксијален тип N, BNC, C или TNC.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, антенскиот приклучок на радиоуредите што се користат во копнените подвижни радиостаници за работа на фреквенции под 174 MHz, може да биде и од коаксијален тип UHF.".

Член 12

Член 21 се менува и гласи:

„Горната гранична фреквенција на аудиофреквенцискиот опсег на радиоуредите не смее да биде повисока од 3.000 Hz."

Член 13

По член 23 се додава нов член 23а, кој гласи:

„Член 23а

Димензиите (длабочината, широчината и височината) на основниот радиоуред, како и масата на радиоуредот мораат да се наведат во спецификацијата на електричните и механичките карактеристики.".

Член 14

Во член 25 став 1 точка 2 зборовите: „факторот на искористување" се заменуваат со зборовите: „факторот на користење".

Член 15

Во член 31 став 1 се менува и гласи:

„Грешката на фреквенцијата на радиопредавателот, на кој и да е канал, мора да биде во толеранциите дадени во табелата број 5.".

Член 16

Во член 36 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, за радиопредавателите со излезна сила од 2,5 W, силата во соседниот канал не смее да биде поголема од 0,25 μW, под условите определени во точ. 1 до 3 од став 1 на овој член.".

Член 17

Во член 37 ст. 1, 2 и 3 зборовите: „кое и да е споредно зрачење" се заменуваат со зборовите: „која и да е споредна компонента".

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Напонот на која и да е споредна компонента на приклучокот за напојување на радиопредаватели од електричната мрежа, на која и да е дискретна фреквенција во подрачјето под 30 MHz, не смее да биде поголем од 1 mV.".

Член 18

По член 38 се додава нов член 38а, кој гласи:

„Член 38а

Силата на напојување на радиопредавателите не смее да биде поголема од вредноста дадена во спецификацијата на електричните и механичките карактеристики на радиоуредите.

Вкупниот степен на искористување не смее да биде помал од:

1) 25% - за радиопредаватели што се користат во копнените подвижни радиостаници;

2) вредноста дадена во спецификацијата на електричните и механичките карактеристики на радиоуредите за радиопредавателите што се користат во постојани, матични и репетиторски радиостаници.

Испитување на радиопредавателите, заради проверка на усогласеноста со условите од ст. 1 и 2 на овој член, се врши на начинот утврден во југословенскиот стандард JUS N.N6.323."

Член 19

Во член 39 ставот 3 се менува и гласи:

„Номиналната влезна импеданса на радиопредавателите со симетричен или несиметричен микрофонски приклучок, на фреквенција од 1000 Hz, не смее да биде помала од трикратната вредност на импедансата на припаѓачкиот микрофон.".

Член 20

Во член 43 став 1 во точка 1 зборовите: „на аудиофреквенцискиот опсег определен во член 21 од овој правилник", се заменуваат со зборовите: „од 300 до 3000 Hz".

Член 21

Во член 48 став 1 по точка 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) слабеењето помеѓу излезот на предавателниот дел на радиоуредот и влезот на приемниот дел на радиоуредот еднакво е на 30 dB, при истовремено предавање и прием во дуплексна работа со две посебни антени.".

Член 22

Во член 54 став 1 по точка 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6) слабеењето помеѓу излезот на предавателниот дел на радиоуредот и влезот на приемниот дел на радиоуредот е еднакво на 30 dB, при истовремено предавање и прием во дуплексна работа со две посебни антени.".

Член 23

Во член 55 точка 4 зборовите: „1 MHz" се заменуваат со зборовите: „1% од номиналната приемна фреквенција".

Член 24

Во член 56 зборовите: „Силата на кое и да е споредно зрачење" се заменуваат со зборовите: „Силата на која и да е споредна компонента".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Напонот на која и да е споредна компонента на приклучокот за напојување на радиоприемникот од електрична мрежа, на која и да е дискретна фреквенција во подрачјето под 30 MHz, не смее да биде поголем од 100 μV."

Член 25

Во член 59 став 1 во точка 1 зборовите: „определен во член 21 од овој правилник", се заменуваат со зборовите: „од 300 до 3000 Hz".

Во став 2 од истиот член зборовите: „определен во член 21 од овој правилник", се заменуваат со зборовите: „од 300 до 3000 Hz".

Член 26

Во член 60 точка 3) бројот: „12" се заменува со бројот: „16".

Член 27

По член 60 се додава нов член 60а, кој гласи:

„Член 60а

Номиналната импеданса на аудиофреквенциското излезно оптоварување, при фреквенција од 1000 Hz, мора да има една од следните вредности:

1) 4 Ohm, 8 Ohm или 16 Ohm - за радиоприемници со приклучок за звучник;

2) 8 Ohm, 16 Ohm, 300 Ohm, 1000 Ohm или 2000 Ohm - за радиоприемници со приклучок за слушалка;

3) 600 Ohm - за радиоприемници со приклучок за симетричен вод."

Член 28

Член 74 се менува и гласи:

„Секогаш кога е тоа можно, насочените антени мораат да се користат во постојаните, матичните и репетиторските радиостаници, особено заради намалување на радиопречките, односно заради намалување во најголема можна мера на зрачењата во непотребни правци и приемот од непотребни правци.".

Член 29

Во член 75 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Поларизацијата на антените во постојаните радиостаници, кои се користат за радиотелефонски врски помеѓу две постојани точки, треба првенствено да биде хоризонтална.".

Член 30

Во член 78 став 2 на крајот од реченицата наместо точка се става запирка и се додаваат зборовите: „ниту помала од вредноста дадена во производителската спецификација, односно во техничкото упатство на антената.".

Член 31

Во член 4 точка 3, во член 5 став 3 точка 2, во член 14 ст. 1 и 2 табела бр. 2 и 3, во член 15 став 2, табела бр. 4, во член 31 став 1, табела бр. 5, во член 48 став 1, табела бр. 6, во член 63 став 1 точка 1), табела бр. 7, во член 79 точка 2) бројот: „440" се заменува со бројот: „430".

Член 32

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4964
23 септември 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

**928.**

Врз основа на член 44 ст. 1 и 3 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75, 13/76, 22/78, 31/83, 70/83, 15/84, 70/84, 24/86 и 34/86) сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ГАРАНЦИИ, СУПЕРГАРАНЦИИ И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИИ

Член 1

Основната, здружената и интерната банка и организацијата на здружен труд - гарант дава гаранција од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл.

23, 24 и 25 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства (во понатамошниот текст: Законот), за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на прометот на стоки и вршење услуги – на образецот Г-1, кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Во образецот Г-1, се внесуваат следните податоци:

1) во рубриката „Гарант" – фирмата односно називот адресата и бројот на жиро-сметката на корисникот на општествени средства што ја дава гаранцијата;

2) во рубриката „Должник" – фирмата, односно називот, адресата и бројот на жиро-сметката на корисникот на општествени средства за чии обврски се дава гаранцијата;

3) во рубриката „Доверител" – фирмата односно називот, адресата и бројот на жиро-сметката на корисникот на општествени средства на кого му се дава гаранцијата;

4) износот на средствата на кој се дава гаранцијата испишан со број и со букви;

5) износот на средствата на кој се дава гаранцијата распореден на одделни периоди во кои ќе се изврши плаќањето на обврските во согласност со договорот меѓу должникот и доверителот;

6) називот на договорот, бројот и датумот под кој е заведен кај должникот.

Износот на средствата на кој се дава гаранција може да се распореди на одделни периоди во кои се врши обезбедување на плаќањето на еден од следните начини:

1) со означување на износите што се однесуваат на одделни години;

2) со означување на износите што се однесуваат на одделни квартали, во рамките на односните години;

3) со означување на износите што се однесуваат на одделни месеци во рамките на односните години.

Основната односно здружената банка-гарант дава гаранција од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23, 24 и 25 од Законот, за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на извоз на стоки и услуги – на образецот Г-1s кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Во образецот Г-1s се внесуваат податоци според одредбите на став 2 точ. 1 до 4 на овој член и според називот на колоните во тој образец, со тоа што како ден на извршениот извоз се внесува денот кога е извршено извозно царинење, а како ден до кој мора да се изврши наплатата во девизи од купувачот во странство се внесува денот што е определен со договорот за извоз на производи и услуги а најдоцна денот определен со законот со кој е уредено девизното работење.

## Член 2

Основната односно здружената банка-гарант дава гаранција од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23 и 26 од Законот, за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции, ако должникот ја плаќа обврската од сопствени средства – на образецот Г-2р кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Ако должникот ја плаќа обврската по основ на инвестиции врз товар на средствата на одобрениот кредит, основната односно здружената банка-гарант дава гаранција од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23 и 26 од Законот за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции на образецот Г-2ј кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Во образецот Г-2р односно образецот Г-2ј се внесуваат податоци според одредбите на член 1 ст. 2 и 3 од овој правилник, како и податоци за супергарантот по односната гаранција, со тоа што во образецот Г-2ј да се внесуваат и податоци за склучениот договор за кредит со банката.

## Член 3

Основната односно здружената банка-гарант дава гаранција од свое име а за сметка и по овластување на давателите на овластувањето за давање гаранција, во согласност со одредбите на чл. 23 и 28 од Законот, за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции – на образецот Г-3 кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Во образецот Г-3 се внесуваат податоци според одредбите на член 1 ст. 2 и 3 од овој правилник, како и податоци за корисниците на општествени средства што дале овластување за давање гаранција.

## Член 4

Основната односно здружената банка-супергарант дава супергаранција од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23 и 27 од Законот, за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции покриени со гаранција на банката гарант – на образецот Г – 4 кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Во образецот Г – 4 се внесуваат податоци според одредбите на член 1 став 2 точ. 1 до 4 од овој правилник како и податоци за супергарантот.

## Член 5

Корисникот на општествени средства-давач на овластувањето за давање гаранција го дава овластувањето за давање гаранција за обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции, во согласност со одредбите на чл. 23 и 28 од Законот, на образецот Г-5 кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Во образецот Г-5 се внесуваат податоци според одредбите на член 1 став 2 точ. 1 до 4 и точка 6, како и податоци за корисникот на општествени средства што го дал овластувањето за давање гаранција.

## Член 6

Гаранциите, супергаранциите и овластувањето за давање гаранција дадени на обрасците Г-1, Г-1s, Г-2р, Г-2ј, Г-3, Г-4 и Г-5 на кои отпечатениот текст е бришан или менуван, не се сметаат како инструменти за обезбедување на плаќањето во смисла на Законот.

## Член 7

Службата на општественото книговодство на Југославија, по потреба ќе ги приспособи техничките обрасци Г-1, Г-1s, Г-2р, Г-2ј, Г-3, Г-4 и Г-5 кон потребите на платниот промет.

## Член 8

Правилникот за обрасците за гаранции, супергаранции и овластување за давање гаранција („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/78, 33/78 и 4/85) престанува да важи на 31 декември 1986 година.

## Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 1-12300/1
25 ноември 1986 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Светозар Рикановиќ, с. р.**

**Образец Г-1**

Гарант:

Должник:

Доверител:

На барање од должникот, а заради обезбедување на плаќањето на обврските по основ на промет на стоки и вршење на услуги, гарантот од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23, 24 и 25 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## ГАРАНЦИЈА

на вкупно ________________ динари
(со букви: ________________
динари) од што во одделни периоди се обезбедува плаќање, и тоа:

| Период<br>година, квартал, месец | Износ | Период<br>година, квартал, месец | Износ |
|---|---|---|---|
| | | | |

Оваа гаранција се дава за обврските на должникот што ќе настанат по основ на договорот за ________ бр. ________ од ________ 19____ година, што должникот го склучил со доверителот.

Гарантот се обврзува дека безусловно на доверителот ќе му изврши плаќање наместо должникот, ако должникот не го стори тоа во договорениот рок. Обврската на гарантот да изврши плаќање наместо должникот не може во одделни периоди да изнесува повеќе од износот означен во оваа гаранција за односниот период, зголемен за износот на неискористениот дел на гаранцијата од претходните периоди.

Гарантот ја овластува Службата на општественото книговодство да изврши наплата по оваа гаранција од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означена во оваа гаранција.

Службата на општественото книговодство за износот на извршената наплата по основ на оваа гаранција ќе издаде налог врз товар на жиро-сметката на гарантот по редоследот на евидентирањето (член 29 став 2 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства).

Гаранцијата е издадена во ________ идентични примероци.

Гаранција број ____

________________ М.П. ________________
(место и датум) (потписи на овластените лица)

**Образец Г–1и**

Гарант: ________________

Должник: ________________

Доверител: ________________

На барање од должникот, а заради обезбедување на плаќањето на обврските по основ на извоз на стоки и услуги, гарантот од свое име и за своја сметка, во согласност со чл. 23 до 25 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## ГАРАНЦИЈА

на вкупно ________________ динари
(со букви: ________________ динари) како износ на динарската противвредност на девизите во валута ________ во износ

________________

| Ден кога е извршен извозот | Ден кога мора да се изврши наплатата во девизи од купувачот во странство |
|---|---|
| 1 | 2 |
| | |

Оваа гаранција се дава за обврските по основ на извршениот извоз преку извозникот, во согласност со одредбите на член 6 ст. 2 и 3 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства.

Гарантот се обврзува дека плаќањето по оваа гаранција безусловно ќе го изврши ако извозникот не го распореди износот на девизите за кои се дава гаранција во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот определен за наплата на побарувањето во девизи од странскиот купувач.

Гарантот ја овластува Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата по оваа гаранција од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означена во оваа гаранција.

Службата на општественото книговодство го извршува налогот за извршување на обврските по оваа гаранција на начинот од член 34 став 5 и на член 35 став 5 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства.

Гаранцијата е издадена во ________ идентични примероци.

Гаранција број ____

________________ М. П. ________________
(место и датум) (потпис на овластеното лице)

**Образец Г–2с**

Гарант: ________________

Должник: ________________

Доверител: ________________

На барање од должникот, а заради обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции, гарантот од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23 и 26 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## ГАРАНЦИЈА

на вкупно ________________ динари (со букви ________________ динари) од што во одделни периоди се обезбедува плаќање и тоа:

| Период<br>година, квартал, месец | Износ | Период<br>година, квартал, месец | Износ |
|---|---|---|---|
| | | | |

Оваа гаранција се дава за плаќање што се врши од сопствените средства на должникот за обврските што настануваат по основ на договор за ________ бр. ________ од ________ 19____ година, што должникот го склучил со доверителот.

Гарантот се обврзува дека безусловно на доверителот ќе му изврши плаќање наместо должникот, ако должникот не го стори тоа во договорениот рок. Обврската на гарантот да го изврши плаќањето наместо должникот не може

во одделни периоди да изнесува повеќе од износот означен во оваа гаранција за односниот период, зголемен за износот на неискористениот дел на гаранцијата од претходните периоди.

Гарантот ја овластува Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата по оваа гаранција од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означен во оваа гаранција.

Службата на општественото книговодство за износот на извршената наплата по основ на оваа гаранција ќе издаде налог врз товар на жиро-сметката на должникот и ќе го изврши во корист на жиро-сметката на гарантот по редоследот на евидентирањето (член 29 став 2 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства).

Гаранцијата е издадена во ________ идентични примероци.

Гаранција број ____

________ М. П. ________

(место и датум) (потпис на овластените лица)

По оваа гаранција се дадени супергаранции на следните банки и тоа:

| Назив на банката супер гарант-седиште | Број на жиро сметката | Износ на супер гаранцијата |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Образец Г–2к**

Гарант: ________

Должник: ________

Доверител: ________

На барање од должникот, а заради обезбедување на плаќањето на обврските по основ на инвестиции, гарантот од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23 и 26 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## ГАРАНЦИЈА

на вкупно ________ динари (со букви ________ динари) од што во одделни периоди се обезбедува плаќање и тоа:

| Период<br>година, квартал, месец | Износ | Период<br>година, квартал, месец | Износ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Оваа гаранција се дава за плаќање што се врши од средствата обезбедени со кредит на банката гаран по договорот бр. ________ од ________ 19____ година за обврските на должникот што настануваат по основ на договорот за ________ бр. ________ од ________ 19____ година, што должникот го склучил со доверителот.

Гарантот се обврзува дека безусловно на доверителот ќе му изврши плаќање наместо должникот, ако должникот не го стори тоа во договорениот рок. Обврската на гарантот да го изврши плаќањето наместо должникот не може во одделни периоди да изнесува повеќе од износот означен во оваа гаранција за односниот период, зголемен за износот на неискористениот дел на гаранцијата од претходните периоди.

Гарантот ја овластува Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата по оваа гаранција од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означен во оваа гаранција.

Гаранцијата е издадена во ________ идентични примероци.

Гаранција број ____

________ М. П. ________

(место и датум) (потпис на овластените лица)

По оваа гаранција се дадени супергаранции на следните банки и тоа:

| Назив на банката супер гарант-седиште | Број на жиро-сметката | Износ на супер гаранцијата |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Образец Г–3**

Овластување за давање гаранција дале:

| Корисник на општествени средства | Седиште | Број на жиро-сметката | Износ на овластувањето |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Гарант: ________

Должник: ________

Доверител: ________

На барање од должникот, а заради обезбедување на плаќањето по основ на инвестиции, гарантот од свое име за сметка и по овластување од давачите на овластување за давање на оваа гаранција, во согласност со одредбите на чл. 23 и 28 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## ГАРАНЦИЈА

на вкупно ________ динари (со букви ________ динари) од што во одделни периоди се обезбедува плаќање и тоа:

| Период<br>Износ година, квартал, месец | Износ | Период<br>Износ година, квартал, месец | Износ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Оваа гаранција се дава за обврските на должникот што ќе настанат по основа на договорот за ______ бр. ______ од ______ 19 ____ година, што должникот го склучил со доверителот.

Давачите на овластување за давање на оваа гаранција се обврзуваат дека безусловно на доверителот ќе му извршат плаќање наместо должникот, ако должникот не го стори тоа во договорениот рок. Обврската на давачите на овластување за давање гаранција да го извршат плаќањето наместо должникот, не може во одделни периоди да изнесува повеќе од износот означен во оваа гаранција за односниот период, зголемен за износот на неискористениот дел на гаранцијата од претходните периоди.

Давателите на овластување за давање на оваа гаранција, ја овластуваат Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата по оваа гаранција од сите нивни расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означен во оваа гаранција.

Ако Службата на општественото книговодство не може да ја изврши гаранцијата, гарантот ја овластува Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата по оваа гаранција од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означен во оваа гаранција.

Службата на општественото книговодство за износот на извршената наплата по основ на оваа гаранција ќе издаде налог врз товар на жиро-сметката на должникот и ќе го изврши во корист на жиро-сметката на давачите на овластувањето за давање на оваа гаранција, односно во корист на жиро-сметката на гарантот по редоследот на евидентирањето (член 29 став 2 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства).

Овластувањата на корисниците на општествени средства врз основа на кои е дадена оваа гаранција се нејзин составен дел.

Оваа гаранција е издадена во ______ идентични примероци

Гаранција број ____

______ М. П. ______

(место и датум) (потпис на овластеното лице)

**Образец Г-4**

Супергарант: ______

Гарант: ______

Должник: ______

Доверител: ______

На барање од гарантот, а по основ на неговата гаранција број ______ од ______ 19 ____ година, на динари ______, дадена за обезбедување плаќање на инвестиции, супергарантот од свое име и за своја сметка, во согласност со одредбите на чл. 23 и 27 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## СУПЕРГАРАНЦИЈА

на вкупно ______ динари ______ (со букви ______ динари) со динамика на обезбедувањето на плаќањето наведена во гаранцијата.

Супергарантот се обврзува дека безусловно на доверителот ќе му изврши плаќање наместо гарантот, ако гарантот не ги изврши своите обврски по дадената гаранција.

Супергарантот ја овластува Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата по оваа супергаранција од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што по важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на жиро-сметката на доверителот означена во оваа супергаранција.

Оваа супергаранција е издадена во ______ идентични примероци.

Супергаранција број ______

______ М. П. ______

(место и датум) (потписи на овластените лица)

**Образец Г-5**

Давач на овластување за давање гаранција: ______

Гарант: ______

Должник: ______

Доверител: ______

На барање од должникот, по претходна согласност на гарантот, заради обезбедување на плаќањето по основа на инвестиции, давачот на овластување за давање гаранција, во согласност со одредбите на чл. 23 и 28 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, дава

## ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА

на вкупно ______ динари (со букви: ______ динари).

Давачот на овластување за давање гаранција неотповикливо го овластува гарантот да му даде на доверителот гаранција за обврските на должникот по договорот за ______ број ______ од ______ 19 ____ година, што е склучен помеѓу должникот и доверителот до износот од ова овластување.

Давачот на овластување за давање гаранција се обврзува дека безусловно на доверителот ќе му изврши плаќање наместо должникот, до износот од ова овластување ако должникот не го стори тоа во договорениот рок.

Давачот на овластување за давање гаранција ја овластува Службата на општественото книговодство да ја изврши наплатата до износот од ова овластување по гаранцијата дадена врз основа на ова овластување од сите негови расположиви парични средства, освен од средствата што според важечките прописи не можат да бидат предмет на извршување, а во корист на доверителот.

Ова овластување за давање гаранција е издадено во ______ идентични примероци.

Овластување за давање гаранција број ______

______ М. П. ______

(место и датум) (потпис на овластените лица)

**929.**

Врз основа на член 44 став 4 точка 4 од Законот за обезбедување на плаќањето меѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75, 13/76, 22/78, 31/83, 70/83, 15/84, 70/84, 24/86 и 34/86), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ДО КОЈ ИНТЕРНАТА БАНКА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕН ТРУД МОЖЕ ДА ДАВА ГАРАНЦИИ

Член 1

Интерната банка може да му дава гаранции на друг корисник на општествени средства, освен гаранција по основ на инвестиции, најмногу до износот на краткорочниот кредитен потенцијал на таа банка.

Краткорочниот кредитен потенцијал на интерната банка го сочинува износот на средствата на краткорочните пласмани искажани во книговодството на контата од групата конта 13, 32, 33, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, освен на контата 460, 47 и 49 и контата 360, 362 и 363.

Член 2

Краткорочниот кредитен потенција интерната банка го утврдува врз основа на податоците искажани во книговодството според состојбата на денот на составувањето на периодичната пресметка односно на завршната сметка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на периодичната пресметка односно на завршната сметка до Службата на општественото книговодство.

Член 3

Краткорочниот кредитен потенцијал на интерната банка, утврден според одредбите на чл. 1 и 2 од овој правилник, се искажува на образецот ККП – Краткорочен кредитен потенцијал за периодот од ________ до ________ 19 __ година, кој е пропишан со Одлуката за утврдување на краткорочниот кредитен потенцијал до кој основната односно здружената банка може да авалира меници („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/86).

Интерната банка го доставува образецот ККП со податоците за утврдување на краткорочниот кредитен потенцијал до надлежната Служба на општественото книговодство во рокот од член 2 на овој правилник.

Член 4

Организацијата на здружен труд може да му дава гаранција на друг корисник на општествени средства, освен гаранција по основ на инвестиции, најмногу до износот на трајните обртни средства утврдени по завршната сметка за претходната година, под услов во последните шест месеци да немала евидентирани неизвршени обврски кај Службата на општественото книговодство.

Член 5

Под трајни обртни средства во смисла на член 4 од овој правилник се подразбира износот на трајни и долгорочни извори на средства кој се користи за трајни обртни средства, утврден под редниот број 39 од Образецот ПОС – Пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства, што е пропишан со Правилникот за начинот на составување пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/84, 37/84, 37/85 и 54/85).

Член 6

За искористениот краткорочен кредитен потенцијал интерната банка односно организацијата на здружен труд води евиденција во своето книговодство тако што ги искажува податоците за износот на дадените гаранции, за износот на извршените обврски покриени со гаранција што втасуваат за плаќање во периодот за кој е утврден краткорочниот кредитен потенцијал и за износите на тие обврски што втасуваат за плаќање по тој период.

Состојбата на искористениот краткорочен кредитен потенцијал за давање гаранции за обврските по основ на прометот на стоки и услуги интерната банка односно организацијата на здружен труд ја искажува по бруто принципот на соодветните конта од групата конта 99 – Вонбилансна евиденција.

Член 7

Корисникот на општествени средства за чија обврска е дадена гаранција го известува гарантот за износите на извршените обврски во изминатиот месец кои се предмет на гаранцијата, во рок од осум дена по истекот на месецот, освен ако обврската ја извршил гарантот по основ на гаранција.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-12302/1
25 ноември 1986 година
Белград

Сојузен секретар за
финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

**930.**

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75, 13/76, 22/78, 31/83, 70/83, 15/84, 70/84, 24/86 и 34/86), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СЛОБОДНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СТОКОВНИ КРЕДИТИ

Член 1

Под слободни средства од кои корисникот на општествени средства може да одобри кредит за испорака на стоки, за вршење услуги и за изведување инвестициони и други работи (во натамошниот текст: стоковни кредити), се подразбираат:

1) расположливите средства од трајни и долгорочни извори, што корисникот на општествени средства нема да ги користи за инвестиции во основни средства;

2) расположливите средства од определени краткорочни извори;

3) расположливите средства од кредити добиени од други корисници на општествени средства со намена за одобрување на стоковни кредити, под услов рокот на враќањето на тие средства да биде подолг од рокот на кој се одобрува стоковниот кредит.

Член 2

Расположливите средства од трајни и долгорочни извори се неангажирани средства од тие извори зголемени за износот на амортизацијата по претсметката за тековната година и за износот на долгорочните пласмани што втасуваат за наплата во тековната година, а намалени за износот на обврските што се плаќаат од средствата за инвестиции – за периодот за кој се утврдуваат расположливите средства за одобрување на стоковни кредити.

Корисникот на општествени средства ги утврдува слободните средства од став 1 на овој член, на образецот и на начинот пропишан за утврдување на средствата што можат, во согласност со Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства, да се користат за инвестиции односно за обезбедување на плаќањето на инвестициите.

Расположливите средства од определени краткорочни извори се утврдуваат врз основа на податоците искажани на реден број 61 на образецот ОБС–Пресметка на обртните средства и на изворите на обртните средства, што се пропишани со Правилникот за начинот на составување пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/84, 37/84, 37/85 и 54/85).

Корисникот на општествени средства може да одлучи износот утврден на начинот од став 3 на овој член да се зголеми за износот на одобрените стоковни кредити што втасуваат за наплата во периодот за кој се донесува одлука за одобрување на стоковни кредити од тие извори.

Член 3

Износот на расположливите средства од член 1 точ. 1 и 2 на овој правилник за одобрување на стоковни кредити корисникот на општествени средства го утврдува со состојба на последниот ден на пресметковниот период пред почетокот на одобрувањето на стоковните кредити.

Износот на расположливите средства од кредитите за одобрување на стоковни кредити, корисникот на општествени средства го утврдува врз основа на договорот за кредит и состојбата на стоковните кредити што го одобрил од тие извори искажан во книговодството.

Член 4

Корисникот на општествени средства утврдува дали долгорочните пласмани по одобрените стоковни кредити се покриени со средства од трајни и долгорочни извори односно дали краткорочните пласмани по одобрените стоковни кредити се покриени со средства од краткорочни извори на начинот пропишан со Правилникот за начинот на составување пресметка на обртни средства и на извори на обртни средства за периодите и во роковите пропишани со сојузен закон со кој се уредува утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход и доходот.

Ако стоковните кредити одобрени од средствата обезбедени од кредитите за тие намени, покриеноста на пласманите по тие стоковни кредити се утврдува со споредување на износот на тие пласмани и износот на средствата примени од кредитите за тие намени за периодите и во роковите од став 1 на овој член. Како средства примени од кредити се подразбираат и износите на средствата примени по тој основ во рок од 15 дена од денот на истекот на пресметковниот период.

Член 5

Како доказ дека располага со слободни средства за одобрување на стоковни кредити од член 1 точка 1 на овој правилник, корисникот на општествени средства и поднесува на надлежната Служба на општественото книговодство образец СИ-ОЗТ, што е пропишан со Правилникот за начинот на утврдување на средствата што можат да се користат за инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/84 и 30/86), пополнет врз основа на податоците од завршната сметка за претходната година односно од почетниот биланс - во случај на статусни промени на корисникот односно врз основа на податоците од последната периодична пресметка.

Како доказ дека располага со слободни средства за одобрување на стоковни кредити од член 1 точка 3 на овој правилник, корисникот на општествени средства и поднесува на надлежната Служба на општественото книговодство договор за кредит.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на утврдување на слободните средства за одобрување на стоковни кредити („Службен лист на СФРЈ" бр. 6/76 и 34/78).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-12301
25 ноември 1986 година
Белград

Сојузен секретар за
финансии,
**Светозар Рикановиќ, с. р.**

## 931.

Врз основа на член 221 став 1 точка 3 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/80) во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи и со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДИМЕНЗИИТЕ, ВКУПНИТЕ МАСИ И ОСНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА И ЗА ОСНОВНИТЕ УСЛОВИ КОИ МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ УРЕДИТЕ И ОПРЕМАТА НА ВОЗИЛАТА ВО СООБРАЌАЈ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Правилникот за димензиите, вкупните маси и осното оптоварување на возилата и за основните услови кои мораат да ги исполнуваат уредите и опремата на возилата во сообраќај на патиштата („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/82, 4/85 и 65/85) во член 103 во став 2 по точка 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) По 1 јануари 1991 година.
а) одредбата на член 64 став 5 - во однос на возилата чијашто работна зафатнина на моторот е до 750 $cm^3$."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4954
26 септември 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ, с. р.**

## 932.

Врз основа на член 221 став 1 точка 2 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/80) во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Правилникот за регистрација на моторни и приклучни возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/82, 32/83 и 26/85), Списокот на ознаките на регистарските подрачја, кој е составен дел на тој правилник, се менува и гласи:

„СПИСОК НА ОЗНАКИТЕ НА РЕГИСТАРСКИТЕ ПОДРАЧЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Аранѓеловац | AR | 11. Бор | BO |
| 2. Бања Лука | BL | 12. Брчко | BČ |
| 3. Бар | BR | 13. Будва | BD |
| 4. Бели Манастир | BM | 14. Бугојно | BU |
| 5. Белград | BG | 15. Целје | CE |
| 6. Бихаќ | BI | 16. Цетиње | CT |
| 7. Биело Поле | BP | 17. Чачак | ČA |
| 8. Биелина | BN | 18. Чаковец | ČK |
| 9. Битола | BT | 19. Чаплина | ČP |
| 10. Бјеловар | BJ | 20. Дарувар | DA |

„СПИСКОК НА ОЗНАКИТЕ НА РЕГИСТАРСКИТЕ ПОДРАЧЈА

| | |
|---|---|
| 21. Делнице | DE |
| 22. Добој | DO |
| 23. Дубровник | DU |
| 24. Ѓаковица | DJ |
| 25. Гнилане | GL |
| 26. Горњи Милановац | GM |
| 27. Горажде | GŽ |
| 28. Горица | GO |
| 29. Госпиќ | GS |
| 30. Гостивар | GV |
| 31. Херцег Нови | HN |
| 32. Ивангград | IG |
| 33. Јајце | JC |
| 34. Карловац | KA |
| 35. Кикинда | KI |
| 36. Коњиц | KNJ |
| 37. Копер | KP |
| 38. Копривница | KS |
| 39. Котор | KO |
| 40. Крагуевац | KG |
| 41. Кралево | KV |
| 42. Крањ | KR |
| 43. Крапина | KN |
| 44. Крижевци | KŽ |
| 45. Крушевац | KŠ |
| 46. Куманово | KU |
| 47. Кутина | KT |
| 48. Лесковац | LE |
| 49. Ливно | LI |
| 50. Лозница | LO |
| 51. Љубљана | LJ |
| 52. Макарска | MA |
| 53. Марибор | MB |
| 54. Модрича | MD |
| 55. Мостар | MO |
| 56. Мурска Собота | MS |
| 57. Нашице | NA |
| 58. Никшиќ | NK |
| 59. Ниш | NI |
| 60. Нова Градишка | NG |
| 61. Нови Пазар | NP |
| 62. Нови Сад | NS |
| 63. Ново Место | NM |
| 64. Огулин | OG |
| 65. Охирд | OH |
| 66. Осиек | OS |
| 67. Панчево | PA |
| 68. Пеќ | PE |
| 69. Пирот | PI |
| 70. Плевља | PV |
| 71. Пожаревац | PO |
| 72. Прибој | PB |
| 73. Прилеп | PP |
| 74. Приедор | PD |
| 75. Приштина | PR |
| 76. Призрен | PZ |
| 77. Прокупље | PK |
| 78. Пула | PU |
| 79. Риека | RI |
| 80. Рума | RU |
| 81. Сараево | SA |
| 82. Сисак | SI |
| 83. Скопје | SK |
| 84. Славонски Брод | SB |
| 85. Славонска Пожега | SP |
| 86. Смедерево | SD |
| 87. Соколац | SC |
| 88. Сомбор | SO |
| 89. Сплит | ST |
| 90. Сремска Митровица | SM |
| 91. Струмица | SR |
| 92. Суботица | SU |
| 93. Светозарево | SV |
| 94. Шабац | ŠA |
| 95. Шибеник | ŠI |
| 96. Штип | ŠT |
| 97. Тетово | TE |
| 98. Титоград | TG |
| 99. Титов Дрвар | TD |
| 100. Титова Кореница | TK |
| 101. Титова Митровица | TM |
| 102. Титово Ужице | TU |
| 103. Титов Велес | TV |
| 104. Травник | TR |
| 105. Требиње | TB |
| 106. Трстеник | TS |
| 107. Тузла | TZ |
| 108. Улцин | UL |
| 109. Урошевац | UR |
| 110. Валево | VA |
| 111. Вараждин | VŽ |
| 112. Винковци | VK |
| 113. Вировитица | VT |
| 114. Високо | VI |
| 115. Врање | VR |
| 116. Вршац | VŠ |
| 117. Вуковар | VU |
| 118. Задар | ZD |
| 119. Загреб | ZG |
| 120. Заечар | ZA |
| 121. Зеница | ZE |
| 122. Зрењанин | ZR |
| 123. Зворник | ZV." |

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4085
26 март 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

## 933

Врз основа на член 221 став 1 точка 2 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/80), во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ЗНАК ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА СО КОИ УПРАВУВА ЛИЦЕ НА КОЕ МУ СЕ ОШТЕТЕНИ ЕКСТРЕМИТЕТИТЕ БИТНИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛО

Член 1

Во Правилникот за посебниот знак за означување на возилата со кои управува лице на кое му се оштетени екстремитетите битни за управување со возило („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/83), во член 3 став 1 се менува и гласи:

„Знакот се изработува од соодветен леплив материјал во форма на етикета која може да биде обложена со рефлектирачка материја во соодветни бои."

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7140
1 јуни 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ** с. р.

## 934.

Врз основа на член 18 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), во врска со чл. 42 до 54 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/78 и 15/80), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78, 63/79, 58/80, 72/81, 1/83 и 10/83), точка 4 се менува и гласи:

„4. Благајничките записи, во смисла на оваа одлука, гласат на име и се издаваат во апоени од 1,000.000, 10,000.000, 50,000.000, 100,000.000, 200,000.000 и 500,000.000 динари.".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 155
14 ноември 1986 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

**935.**

Врз основа на член 18 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81 и 26/84), во врска со чл. 42 до 54 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/78 и 15/80), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/83, 66/84, 32/85 и 19/86), во точка 3 зборовите: „до 31 декември 1986 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 1987 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 156
14 ноември 1986 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Душан Влатковиќ** с.р.

**936.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАНЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН НА ЈУГОСЛОВЕНСКО-ГРЧКАТА ГРАНИЦА ЗА МЕЃУНАРОДЕН ДРУМСКИ СООБРАЌАЈ СТАР ДОЈРАН

1. За преминување на југословенско-грчакта државна граница се определува постојанен граничен премин за меѓународен друмски сообраќај Стар Дојран.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од деонот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 471
26 септември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Бранко Микулиќ**, с. р.

**937.**

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот комитет за земјоделство издава

## НАРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ПРЕКУ КОИ ЌЕ СЕ ИЗВЕЗУВААТ, УВЕЗУВААТ И ТРАНЗИТИРААТ ПРАТКИ НА ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ, ОПЛОДЕНИ ЈАЈНИ ЌЕЛИИ ЗА ОПЛОДУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ДРУГИ ПРЕДМЕТИ СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСУВА ЗАРАЗНА БОЛЕСТ НА ЖИВОТНИ

1. Пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животниско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест на животни, можат да се извезуваат, увезуваат и транизтират само преку граничните премини во следните места, и тоа:

1) со превозни средства на железничкиот сообраќај: Бели Манистир, Битола, Димитровград, Гевгелија, Јесенице, Которибa (Муракерестру и Гекењеш), Марибор, Нова Горица, Сежана, Суботица, Тузи и Вршац;

2) со превозни средства на друмскиот сообраќај: Богородица, Божај, Кафасан, Фернетичи, Горичан, Градина, Хоргош, Кнежево, Меџетлија, Коренско седло, Шентиљ, Шкофије, Ватин и Вртојба;

3) со превозни средства на поморскиот сообраќаај: Бар, Дубровник, Карделево, Копер, Раша (Бршица), Риека, Сплит, Шибеник и Задар;

4) со превозни средства на возудушниот сообраќај: Белград, Љубљана, Марибор, Охрид, Осиек, Риека, Сплит, Титоград и Загреб;

5) со превозни средства на речниот сообраќај: Бездан (Мохач) и Велико Градиште.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за определување на граничните премини преку кои ќе се извезуваат, увезуваат и транзитираат пратки на животни, животински производи, животински суровини, животински отпадоци, семе за вештачко осеменување и други предмети со кои може да се пренесе заразна болест на животни („Службен лист на СФРЈ", бр. 76/82).

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-7633/1
27 октомври 1986 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

**938.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83 и 16/86), генералниот директор на Службата на општественото книговодство пропишува

## УПАТСТВО
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И УПОТРЕБАТА НА ЕДНООБРАЗНИ ОБРАСЦИ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА ПРЕКУ СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

1. Во Упатството за формата, содржината и употребата на еднообразни обрасци за вршење работи на платниот промет во земјата преку Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/84, 67/84 и 42/85), во точка 47 во одредбата под 12 зборовите: „датум на настанување на должничко-доверителскиот однос" се заменуваат со зборовите: „датум на плаќање".

2. Во точка 50 во одредбата под 15 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додава нова одредба, која гласи: „16) датум на настанување на должничко-доверителскиот однос;".

3. Во точка 57 став 2 зборовите: „му ја доставува на примачот на средствата" се заменуваат со зборовите: „му ја доставува на корисникот на општествените средства чијашто сметка е задолжена".

4. Во точка 59 во одредбата под 9 став 4 зборовите: „број на документот" се заменуваат со зборовите: „број на документите".

5. Во Прилог бр. 1 во табелата по зборовите: „65 Пријава на исплати" се додава текстот, кој гласи:

„70 Наплата по извршни решенија и одлуки
72 Уплата за солидарни и хуманитарни цели
74 Уплата на придонес за енергетика
76 Распоред на средствата за збирни и проодни сметки
77 Пренос на средства во депозит".

Зборовите: „79 Други преноси" се бришат.

Зборовите: „80 Плаќање по основ на депозит" се заменуваат со текстот:

„78 Плаќање од депозит

81 Преднос на средства за плаќање по овластување и за сметка на корисникот на општествени средства

82 Плаќање по овластување и за сметка на корисникот на општествени средства

83 Плаќање на провизија

85 Пренос на средствата на работната заедница, на деловната заедница на банката или на банката од деловната единица

87 Пренос на средства по сметките на граѓани."

Во објаснението за запишување на броевите на ознаките за поврзување во налозите за плаќање, во одредбата под 3 по зборот: „чекови" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен чековите на текуштите сметки на граѓаните,".

Во одредбата под 6 по зборовите: „дневен пазар" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и при пресметката на пазарот по основ на примените чекови од текуштите сметки на граѓаните".

Во одредбата под 7, првата алинеја, зборовите: „и враќање" се бришат, а по втората алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„- пренос на средства во фондовите на банката".

Во одредбата под 8, првата алинеја, по зборот: „царини" се додаваат запирка и зборот: „членарини".

Во одредбата под 12, по зборот: „забрани" се додаваат и зборовите: „отплатата на кредити, членарини".

Во одредбата под 14, алинеја прва, втора и трета се менуваат и гласат:

„- за пренос на средства од сметката на авалистот на сметката на трансантот;

- за пренос на средства од сметката на трансантот на сметката на авалистот (регресирање на авалистот)."

Во одредбата под 18 запирката и зборовите: „освен кога каматата и провизијата се плаќаат со посебен налог" се заменуваат со зборовите: „на корисникот на општествени средства".

По одредбата под 20 се додаваат нови одредби, кои гласат:

„21) Ознака за поврзување 70 - Наплата по извршни решенија и одлуки, се користи при наплата од сметката на корисникот на општествени средства по основ на извршни судски одлуки односно на извршни решенија и извршни налози на органите и организациите овластени со закон за донесување на тие одлуки, решенија и налози.

22) Ознака за поврзување 72 - Уплата за солидарни и хуманитарни цели, се користи при пренос на средствата по основ на разна солидарна помош или хуманитарни давања.

23) Ознака за поврзување 74 - Уплата на придонес за енергетика, се користи при пренос на средствата за придонес и на други издавања за енергетика.

24) Ознака за поврзување 76 - Распоред на средствата од збирни и проодни сметки, се користи при распоред на средствата од збирни и проодни сметки.

25) Ознака за поврзување 77 - Пренос на средства во депозит, се користи при пренос на средствата во депозит на сметката на банката или на сметката на некој друг корисник на општествени средства."

Досегашните одредби под 21 и 22 кои стануваат одредби под 26 и 27 се менуваат и гласат:

„26) Ознака за поврзување 78 - Плаќање од депозит, се користи за плаќање од депозит од сметките на банките и на други корисници на кои се водат тие средства.

27) Ознака за поврзување 81 - Пренос на средства за плаќање по овластување и за сметка на корисникот на општествени средства, се користи при пренос на средства на сметката на која се водат средствата со кои се плаќа по овластување или средствата со кои се плаќа за сметка на корисникот на општествени средства."

По одредбата под 27 се додаваат нови одредби, кои гласат:

„28) Ознака за поврзување 82 - Плаќање по овластување и за сметка на корисникот на општествени средства, се користи за плаќање од сметките на кои се водат средствата за плаќање по овластување и за сметка на корисникот на општествени средства.

29) Ознака за поврзување 83 - Плаќање на провизија, се користи при плаќање на банкарска провизија, трошоци за извршување на работи на платниот промет и слично.

30) Ознака за поврзување 85 - Пренос на средства на работната заедница, на деловната единица на банката или на банката од деловната единица, се користи при пренос на средствата на работните заедници, при пренос на средствата на деловните единици на банките, како и при пренос на средствата на банките од страна на нивните деловни единици.

31) Ознака за поврзување 87 - Пренос на средства по сметките на граѓаните, се користи при пренос на средствата од жиро-сметките на граѓаните на текушта сметка на граѓаните или на штедна книшка."

Досегашната одредба под 23 станува одредба под 32.

6. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

30 бр. 1/71
17 ноември 1986 година
Белград

Генерален директор
на Службата на
општественото
книговодство,
**Димитрие Тасиќ**, с. р.

## 939.

Тргнувајќи од заедничкиот интерес за уедначување на мерилата за распределба на средствата за лични доходи на работниците, а врз основа на член 25 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распоредување на доходот, за распределба на средствата за лични доходи и за формирање и користење на средствата за заедничка потрошувачка на работниците во работните заедници на сојузните органи и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/80 и 37/84), работните заедници на сојузните органи и на сојузните организации, на стручните и на други служби на сојузните органи, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА

### ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ НОРМАТИВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ШТО РАБОТАТ НА ЗАДАЧИТЕ И РАБОТИТЕ НА ПРЕПИСИ, СТЕНОГРАФИРАЊЕ, И ПРЕВЕДУВАЊЕ НА ТЕКСТОВИ, ПОДГОТВУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА СМЕТАЧ, СРАМНУВАЊЕ ОДНОСНО КОРЕКТУРА НА ТЕКСТОВИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЧИСТОТИЈАТА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Со оваа самоуправна спогодба се утврдуваат единствените нормативи за стекнување и распределба на средствата за лични доходи на работниците што во работните заедници на сојузните органи на управата, на сојузните организации, на стручните и други служби на сојузните органи (во натамошниот текст: работната заедница) работат на задачите и работите на преписи, стенографирање и , преведување на текстови, подготвување на материјали за сметач, срамнување односно коректура на текстови и одржување на чистотијата во просториите на сојузните органи на управата и на сојузните организации.

Член 2

Норматив за потрошокот на работното време по единица на мера за работите од член 1 на оваа самоуправна спогодба е просечното потребно работно време утврдено за вршење на сите операции потребни во целост да се дава услугата дефинирана со таа единица на мера.

Нормативот за потрошокот на времето по единица на мера според оваа самоуправна спогодба се искажува во норма-минути.

Единицата на мера ја сочинува работна операција или збир на работни операции, задачи и работи со кои, со помош на средствата на трудот врз предметите за работа, се заокружува производот - услугата што работникот ја дава и која претставува единица на неговиот ефект.

Единици на мера според оваа самоуправна спогодба се норма-страните, редактираните страни, преведените страни и уредничките страни од 30 реда на стандарден формат А-4 и 1.860 буквени места, како и термините, документите, знаците и квадратните метри.

Член 3

Дневното работно време за вршење на задачите и работите од член 1 на оваа самоуправна спогодба се пресметува како просечно работно време по работен ден во 42-часовна работна недела и изнесува 8 часови и 24 минути или 504 минути, во кое време за извршување на нормата не се сметаат 30 минути на одмор, така што просечното работно време за пресметување на норма-времето изнесува 474 минути.

Член 4

Нормата за потрошокот на работното време и единиците на мера на ефектот за задачите и работите од член 1 на оваа самоуправна спогодба се утврдуваат единствено, и тоа:

| Ред. бр. | Групи на задачи и работи | Опис на задачите и работите што се нормираат | Единица на мера | Норма-минути |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | А. Преписи на текстови | | | |
| 1 | | Препис – чукање | Норма-страна | 13,54 |
| | Б. Срамнување на текстови | | | |
| 1 | | Срамнување во пар | Норма-страна | 6,58 |
| 2 | | Срамнување поединечно | Норма-страна | 13,16 |
| | В. Стенографирање | | | |
| 1 | | Стенографирање | Норма-страна | 31,60 |
| | Г. Преведување и редактирање на текстови | | | |
| | | Преведување на текстови | Норма-страна | 59,25 |
| 2 | | Преведување на текстови со специфично писмо | Норма-страна | 135,43 |
| 3 | | Редактирање на текстови на српскохрватски јазик | Норма-страна | 23,70 |
| 4 | | Редактирање на текстови на српскохрватски односно хрватскосрпски јазик иекавски изговор што е во службена употреба во СР БиХ | Норма-страна | 26,33 |
| 5 | | Редактирање на текстови на хрватски литературен јазик, на словенечки, македонски, албански, унгарски и на странски јазици и текстови преведени од странски јазици | Норма-страна | 29,63 |
| 6 | | Редактирање на текстови со специфично писмо | Норма-страна | 67,71 |
| 7 | | Уреднички страни за српскохрватски јазик | Норма-страна | 15,80 |
| 8 | | Уреднички страни за српскохрватски односно хрватскосрпски јазик иекавски изговор што е во службена употреба во СР БиХ | Норма-страна | 17,56 |
| 9 | | Уреднички страни за хрватски литературен јазик, словенечки, македонски, албански, унгарски јазик и за странски јазици | Норма-страна | 19,75 |
| 10 | | Уреднички страни за јазици со специфично писмо | Норма-страна | 45,14 |
| 11 | | Консекутивно преведување | Час | 118,50 |
| 12 | | Симултано преведување | Час | 158,00 |
| 13 | | Терминолошка обработка | Термин | 474,00 |
| 14 | | Терминолошка обработка без дефиниција | Термин | 94,58 |
| 15 | | Прегледување на терминолошки документи на македонски, словенечки и хрватски литературен јазик | Термин | 23,70 |
| 16 | | Прегледување на терминолошки документи на српскохрватски јазик | Термин | 23,70 |
| 17 | | Прегледување на терминолошки документи на српскохрватски односно хрватскосрпски јазик иекавски изговор што е во службена употреба во СР БиХ | Термин | 23,70 |
| 18 | | Прегледување на терминолошки документи на албански и унгарски јазик | Термин | 23,70 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 19 | | Прегледување на терминолошки документи на англиски, француски, руски, шпански и германски јазик | Термин | 23,70 |
| 20 | | Внесување на документи на српскохрватски јазик и на српскохрватски односно хрватскосрпски јазик иекавски изговор што е во службена употреба во СР БиХ | Документи | 22,57 |
| 21 | | Внесување на документи на македонски, словеначки и хрватски литературен јазик | Документи | 33,86 |
| 22 | | Внесување на документи на англиски јазик | Документи | 47,40 |
| 23 | | Внесување на документи на албански, германски, француски и шпански јазик | Документи | 67,71 |
| 24 | | Внесување на документи на руски и унгарски јазик | Документи | 79,00 |

Д. Работа во Комисијата за идентичност на текстовите

1. Времето потрошено за работа во Комисијата за утврдување на идентичноста на текстовите на јазиците на народите и народностите и консултациите со соодветни политички, научни и стручни институции во републичките и покраинските центри потребни во врска со тоа се пресметува во норма-страни зголемени за 20%.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | Ѓ. Подготвување за сметковна обработка | | | |
| | - На уреди со екран | | | |
| 1 | | Влезен документ приспособен за АОП кој содржи нумерички податоци и кој читливо е пополнет | 8.500 знаци | 60,00 |
| 2 | | Влезен документ приспособен за АОП, кој содржи 20 до 80% алфанумерички податоци и кој читливо е пополнет | 7.700 знаци | 60,00 |
| 3 | | Влезен документ приспособен за АОП, кој содржи над 80% алфабетски знаци кој читливо е пополнет | 7.000 знаци | 60,00 |
| | - Дупчалки или впишувачи | | | |
| 1 | | Влезен документ приспособен за АОП кој содржи нумерички податоци и кој читливо е пополнет | 7.500 знаци | 60,00 |
| 2 | | Влезен документ приспособен за АОП кој содржи 20 до 80% алфанумерички податоци | 6.800 знаци | 60,00 |
| 3 | | Влезен документ приспособен за АОП кој содржи над 80% алфабетски знаци кој читливо е пополнет | 6.000 знаци | 60,00 |
| | Е. Одржување на чистотијата во просториите со припаѓачката опрема | | | |
| 1 | Во простории чијашто подна површина е паркет: | | | |
| | - Канцеларии | | $m^2$ | 0,95 |
| | - Сали | | $m^2$ | 0,80 |
| | - Салон, холови и сл. | | $m^2$ | 0,40 |
| | - Работилници | | $m^2$ | 0,53 |
| 2 | Во простории чијашто подна површина е мермер: | | | |
| | - Ресторани | | $m^2$ | 0,75 |
| | - Ходници и холови и сл. | | $m^2$ | 0,68 |
| | - Подрумски простории | | $m^2$ | 0,61 |
| | - Скали | | $m^2$ | 1,10 |
| 3 | Во простории чија подна површина е од керамика: | | | |
| | - Санитарни јазли | | $m^2$ | 2,37 |
| | - Клима комори | | $m^2$ | 0,61 |
| | - Трафостаници | | $m^2$ | 0,61 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | – Котларници | | m² | 0,61 |
| | – Базен и коридори | | m² | 0,61 |
| | – Гаражи | | m² | 0,32 |
| | – Канцеларии во гаражи | | m² | 1,00 |
| 4 | Во простории чија подна површина е од бетон: | | | |
| | – Магацин | | m² | 0,53 |
| | – Визбени простории | | m² | 0,32 |
| | – Скалишта | | m² | 1,05 |
| | – Коридори и холови | | m² | 0,68 |
| | – Тераси | | m² | 0,32 |
| | – Гаражи | | m² | 0,78 |
| 5 | Во простории чија подна површина е од велвет: | | | |
| | – Коридори (патеки) | | m² | 0,95 |
| | – Канцеларии | | m² | 0,79 |
| | – Сали | | m² | 0,55 |
| | – Холови (патеки) | | m² | 0,59 |
| 6 | Во простории чија подна површина е од итисон-таписон: | | | |
| | – Канцеларии | | m² | 1,00 |
| | – Сали | | m² | 0,95 |
| | – Дактилобирои | | m² | 1,05 |
| | – Коридори | | m² | 1,05 |
| | – Скалишта | | m² | 1,10 |
| 7 | Во простории чија подна површина е од виназ-подолитнолеум: | | | |
| | – Депои | | m² | 0,49 |
| | – Холови и коридори | | m² | 0,95 |
| | – Магацини | | m² | 0,43 |
| | – Печатници | | m² | 1,19 |
| | – Ресторани, лаборатории и скалишта | | m² | 1,19 |
| | – Канцеларии | | m² | 1,00 |
| 8 | Во простории чија подна површина е од гума: | | | |
| | – Библиотеки | | m² | 1,35 |
| | – Сали | | m² | 0,86 |
| 9 | Во простории чија површина е од терацо: | | | |
| | – Скалишта | | m² | 1,05 |
| | – Холови | | m² | 0,61 |
| | – Санитарни јазли | | m² | 0,63 |

Член 5

За работите и задачите од член 3 на оваа самоуправна спогодба, за чие вршење е утврден поголем потрошок на работното време од нормата на времето утврдено во тој член, нормата на времето се утврдува сразмерно повеќе и тоа:

### I. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД А, РЕДЕН БРОЈ 1 ОД ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. Лоши копии — — — — — — — — — — — — — — 10%
2. Лекториран односно редактиран текст — — — — 20%
3. Помалку од половината а повеќе од 1/4 текст сочинуваат броеви и формули — — — — — — — 20%
4. Лекториран текст на хрватски литературен јазик — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 25%
5. Записник на СИС, записник на Координационата комисија на СИС, усвоен текст на закон за потпис и текстови што ги потпишува функционер — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 25%
6. Повеќе од половината од текстот сочинуваат броеви и формули или текст на странски јазик — 40%
7. Работа со диктафон кога се диктира и интерпункција — — — — — — — — — — — — — — — — — — 30%
8. Работа со диктафон при финална обработка на преведен текст кој по транскрипцијата не се лекторира односно не се редактира — — — — — — 50%
9. Самостојна обработка на седници — — — — — 70%
10. Препис на текст на матрица — — — — — — — 10%
11. Препис на текст од поврзана книга и текст од весници — — — — — — — — — — — — — — — — 10%
12. Препис на текст со копија: за секоја копија 2%, а најмногу — — — — — — — — — — — — — — 10%
13. Диктат и препис на ракопис — — — — — — — — 20%
14. Работа на текстови на јазик на народите на Југославија што не му е мајчин јазик на дактилографот — — — — — — — — — — — — — — — — — 20%
15. Работа на текстови на јазик на народностите на Југославија што не му е мајчин јазик на дактилографот — — — — — — — — — — — — — — — 50%
16. Промена на писмото (кирилица-латиница) — — 10%
17. Нестандардизирана тастатура — — — — — — — 20%
18. Текст на странски јазик — — — — — — — — — 50%
19. Изработка на обрасци без текст — — — — — — 20%
20. Ситни и згуснати букви (execative IBM и сл. од 70 до 75 буквени места во редот) — — — — — — — 15%

При утврдувањето на норма-страни за препис на табели вкупниот број на отчуканите редови се зголемува:

– ако се запишуваат податоци или броеви до четири цифри во: една до 10 колони – за 5%, во 11 до 20 колони – за 10%, а повеќе од 20 колони – за 15%;

– ако се запишуваат податоци или броеви со повеќе од четири цифри во: една до 10 колони – за 10%, во 11 до 20 колони – за 20%, а во повеќе од 20 колони – за 30%.

Процентот за зголемувањето по оваа точка се признава за секое извршено запишување на податоци, односно број во една колона.

При утврдувањето на норма-страни на композер-дактилограф бројот на отчуканите редови се зголемува, и тоа:

- за чукање на влезна машина — — — — — — — — 10%
- за кодирање на материјали — — — — — — — — 20%
- за излезна машина се пресметува реалниот број на редовите на влезот

## II. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД Б РЕДЕН БРОЈ 1 И 2 НА ОВАА САМОУПРАНВА СПОГОДБА

При утврдувањето на норма-страни на срамнет, односно коригиран текст, кога еден коректор чита, а другиот го следи текстот и кога се сменуваат во работата, вкупниот број на срамнетите, односно коригираните редови се зголемува за:

1. Ракопис — — — — — — — — — — — — — — — — 15%
2. Лекториран, односно редактиран текст и записник на СИС — — — — — — — — — — — — — — — 10%
3. Записник на СИС, записник на Координационата комисија на СИС, усвоен текст на закон за потпис и текстови што ги потпишува функционер — — — — — — — — — — — — — — — — — — 10%
4. Текст на матрици — — — — — — — — — — — — 5%
5. Лоша копија — — — — — — — — — — — — — — 10%
6. Текст на странски јазик — — — — — — — — — — 50%
7. Срамнување, односно коригување на текст на јазик на народите на Југославија кој на срамнувачот односно коректорот не му е мајчин јазик 15%
8. Повеќе од половината текст го сочинуваат броеви и формули и текст на странски јазик — — — 20%
9. Текст без проред и од поврзана книга („Службен лист на СФРЈ") — — — — — — — — — — — — — 5%
10. Помалку од половината, а повеќе од 1/4 од текстот сочинуваат броеви и формули — — — — — 20%
11. Текст на јазик на народностите на Југославија што на срамнувачот односно коректорот не му е мајчин јазик (албански и унгарски) — — — — 50%

## III. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД В РЕДЕН БРОЈ 1 ОД ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. Консекутивно преведени разговори — — — — 80%
2. Седници на кои се врши усогласување на ставовите на републиките и автономните покраини — 30%
3. Симултано преведени разговори — — — — — 30%
4. Седница на Претседателството на СФРЈ и на претседателот на Собранието на СФРЈ — — — 10%

## IV. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД Г РЕДЕН БРОЈ ОД 1 ДО 24 ОД ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. Преведување, редактирање и уредување на предлози за донесување на закони, нацрти и предлози на закони, со образложение, и други акти што ги разгледува Собранието на СФРЈ, меѓународни договори, општествени договори, самоуправни спогодби, уредби со законска сила, подзаконски акти, акти и ставови на републичките и покраинските собранија што ги разгледува Собранието на СФРЈ, и други текстови што се објавуваат во службени и други јавни гласила или се наменети за усно излагање — — — — — 40%
2. Редактирање на текстови за членови на највисоко државно и партиско раководство — — — — 50%
3. Редактирање и уредување на текстови заради утврдување на идентичност и објавување во „Службен лист на СФРЈ" — — — — — — — — — 60%
4. Преведување, редактирање и уредување на текстови со тесно стручна терминологија на албански и унгарски јазик — — — — — — — — — — 60%
5. Преведување, редактирање и уредување на текстови со тесностручна терминологија на хрватски литературен јазик, словенечки, македонски и на странски јазици — — — — — — — — — — — 50%
6. Редактирање и уредување на текстови со тесностручна терминологија на српскохрватски односно хрватскосрпски јазик на иекавски изговор кој е во службена употреба во С Р Босна и Херцеговина — — — — — — — — — — — — — — — — — — 25%
7. Преведување, редактирање и уредување на текстови со исклучителна тежина (јазични и смисловно непрецизни текстови) како и неавторизирани стенограми — — — — — — — — — — — — 40%
8. Редактирање на текстови што го вршат преведувачи и лектори и стручни преведувачи како повремена работа — — — — — — — — — — — — 35%
9. Редактирање и уредување на преводи на приправници и почетници (до една година) — — — 20%
10. Редактирање на нелекториран текст — — — — 30%
11. Преведување на текстови од еден на друг странски јазик без посредство на српскохрватскиот јазик — — — — — — — — — — — — — — — — — — 50%
12. Преведување и редактирање на текстови со извонредна итност — — — — — — — — — — — 30%
13. Преведување на текстови без услуги на препишувач — — — — — — — — — — — — — — — — 25%
14. Преведување на текстови без срамнувачки услуги — — — — — — — — — — — — — — — — — — 15%
15. Преведување на текстови од областа на внатрешната и надворешната-политика од странски јазици и на странски јазици — — — — — — — 30%
16. Преведување на меѓународни договори на странски јазици и од странски јазици — — — — 20%
17. Пречукување на конечни текстови без услуга на препишувач — — — — — — — — — — — — — — 20%
18. Усно преведување на највисоко ниво (шеф на држава, членови на Претседателството на СФРЈ, претседател на Собранието на СФРЈ, членови на Претседателството на ЦК СКЈ, членови на Претседателството на ССРНЈ, како и шеф на влада, претседател и потпретседател на СИС, гувернер на НБЈ и негов заменик, сојузен секретар за финансии, за надворешни работи, за внатрешни работи и на ССНО) — — — — — — — 100%
19. Секој час усно преведување што трае непрекинато по шестиот час — — — — — — — — — — — 100%
20. Усно преведување што трае непрекинато по четвртиот до шестиот час — — — — — — — — — 50%
21. Усно преведување во мешовити комитети, собраниски тела и сите преговори со повеќе од 10 учесници — — — — — — — — — — — — — — — — 40%
22. Консекутивно преведување во текот на возење 40%
23. Симултано преведување на седници од претежно еден работен јазик — — — — — — — — — 50%
24. Усно преведување на брза покана кога преведувачот немал време да се запознае со суштината на разговорите ниту да се подготви за нив — — 20%
25. Симултано преведување во кабини што не одговараат на стандардните работни услови — — — 20%
26. Повремено симултано преведување на немајчин јазик и шишотаж на конференции за печат — — 30%
27. Секое усно преведување — — — — — — — — — — 10%
28. Обработка на термини со дефиниција што е составена од две или повеќе непотполни дефиниции — — — — — — — — — — — — — — — — — — 12%
29. Давање контекст кај термин чии дефиниции се преведуваат — — — — — — — — — — — — — — — 20%
30. Обработка на термини со дефиниција што е составена од повеќе делови на текст — — — — — 30%
31. Обработка на термини со дефиниција која се создава од делови на текст со непотполни информации од повеќе извори — — — — — — — — 200%
32. Внесување на исправки подолги од еден слог условени со дополнителна интервенција на терминолог — — — — — — — — — — — — — — — — — 20%
33. Внесување на специјални знаци кај тезаурус — 30%

## V. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД Д РЕДЕН БРОЈ 1 ДО 9 НА ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. Чистење на простории по изведување на молерско-бојадисувачки работи — — — — — — — — — 10%
2. Чистење на простории по изведување на реконструкција — — — — — — — — — — — — — — — — — 30%

Член 6

За работите и задачите од член 4 на оваа самоуправна спогодба за чие вршење е утврден помал потрошок на работното време од нормата-време утврдена во тој член, како и за неквалитетно извршени работи, нормата-време се утврдува сразмерно пониско и тоа:

## I. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД А РЕДЕН БРОЈ 1 НА ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. За секоја направена грешка на дактилографот како грешка се смета: — — — — — — — — — 5%
   - испуштена буква
   - погрешно отчукана буква
   - отчукана буква над и под редот
   - споени зборови
   - ако левата маргина е помала од 3 cm
   - ако десната маргина е помала од 1 cm
   - непоправени или изоставени иницијали
2. За испуштен збор — — — — — — — — — — — — — 15%
3. За испуштен ред — — — — — — — — — — — — — 50%
4. За испуштен став — — — — — — — — — — — — — 13%
5. За испуштен член — — — — — — — — — — — — — 17%

## II. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД Б РЕДЕН БРОЈ 1 И 2 ОД ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. За секоја грешка на срамнувачот — — — — — 5%
   Како грешка се смета:
   - непоправена испуштена буква и погрешно отчукана буква
   - непоправени споени зборови
   - непоправени или изоставени иницијали
2. За незабележан испуштен збор — — — — — — 15%
3. За незабележан испуштен ред — — — — — — — 50%
4. За незабележан испуштен став — — — — — — 13%
5. За незабележан испуштен член — — — — — — 17%

## III. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД Г РЕДЕН БРОЈ ОД 1 ДО 24 НА ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

1. Преведување на тебели што не содржат тесностручна терминологија — — — — — — — — — 50%
2. Преведување на текст што содржи повеќе од половина страница материјал што не се преведува (графикони и слично) — — — — — — — — — — 50%
3. Преведување на текстови по шаблон или образец — — — — — — — — — — — — — — — — — 50%
4. Пречекорување на рокот без согласност на уредникот — — — — — — — — — — — — — — — — 50%
5. Преведување и редактирање на материјали на одделни сојузни органи на управата и сојузни организации за нивна интерна употреба на словенечки и македонски јазик и од словенечки и македонски јазик — — — — — — — — — — — — 10%
6. Преведување и редактирање на пречистени текстови на закони што се објавуваат во „Службен лист на СФРЈ" — — — — — — — — — — — — — 20%
7. Преведување на текстови за одликувања и назначувања, како и текст на одредби од закон што се препишуваат од „Службен лист на СФРЈ" — — — — — — — — — — — — — — — — — 70%
8. Текст вратен од корисникот како неупотреблив 100%
9. Неоправдано доцнење на усно преведување — 100%
10. На преведувач и лектор за една материјална грешка му се одбива — — — — — — — — — — — 50%
11. На преведувач-лектор, редактор, стручен преведувач и на уредник за една материјална грешка му се одбива — — — — — — — — — — — — — 100%
    Ако иста материјална грешка се појавува во целиот текст, се смета како една, со тоа што таквиот материјал му се враќа на извршителот таа грешка да ја исправи во целиот материјал. Ако извршителот не ја отстрани грешката, на сите места, секоја таква грешка се смета како материјална
12. Преведување на текст што преведувачот, во согласност со уредникот, не го лекторира — — — 30%
13. Чекање на усно преведување и патување (авион, воз, автомобил, минибус) без преведување — — 50%
14. Обработка на термин чија дефиниција се презема со помали модификации од терминолошки речник — — — — — — — — — — — — — — — — — 70%
15. Обработка на термин чија дефиниција се преведува — — — — — — — — — — — — — — — — — 50%
16. Обработка на термин чија дефиниција се дополнува — — — — — — — — — — — — — — — — — 50%
17. Обработка на термин без контекст — — — — — 20%
18. Обработка на термин чија дефиниција ја ажурира друг терминолог или дефиницијата се ажурира поради измена на значењето — — — — — — 50%
19. Обработени термини што не ги прифаќа верификационата комисија — — — — — — — — — 100%
20. За три и повеќе грешки во документ на српскохрватски јазик и на српскохрватски, односно хрватскосрпски јазик и на иекавски изговор што е во службена употреба во СР Босна и Херцеговина — — — — — — — — — — — — — — — 100%
21. За четири и повеќе грешки во документ на македонски, словенечки и хрватски литературен јазик — — — — — — — — — — — — — — — — — 100%
22. За пет и повеќе грешки во документ на англиски, албански, германски, француски и шпански јазик — — — — — — — — — — — — — — — — 100%
23. За повеќе од шест грешки во документ на унгарски и руски јазик — — — — — — — — — — — 100%
24. За изоставен слог во еден документ — — — — 100%
25. За една системска грешка — — — — — — — — — 100%

## IV. ЗА РАБОТИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 4 ПОД Ѓ РЕДЕН БРОЈ ОД 1 ДО 3 НА ОВАА САМОУПРАВНА СПОГОДБА

Влезен документ неподготвен за обработка — — — — 10%

Член 7

Работниот ефект на работникот се пресметува месечно врз основа на нормативите утврдени во чл. 4, 5 и 6 на оваа самоуправна спогодба.

Член 8

Средствата за лични доходи за извршениот обем на задачите и работите до утврдената норма, согласно со чл. 4, 5 и 6 на оваа самоуправна спогодба, се обезбедуваат во согласност со чл. 8, 9 и 10 на Општествениот договор за заедничките основи и за мерилата за стекнување и распоредување на доходот, за распределба на средствата за лични доходи и за формирање и користење средства за заедничка потрошувачка на работниците во работните заедници на сојузните органи и сојузните организации.

За извршениот обем на задачите и работите (ефектот преку утврдената норма, согласно со чл. 4, 5 и 6 на оваа самоуправна спогодба, на работните заедници им се обезбедуваат додатни средства за личните доходи во буџетот на федерацијата согласно со член 8а на Општествениот договор за измена и дополнение на Општествениот договор од став 1 на овој член.

Средствата од став 1 на овој член претставуваат основ за утврдување на личниот доход на работникот по единица мера од член 4 на оваа самоуправна спогодба.

Член 9

Средствата од член 8 став 2 на оваа самоуправна спогодба се обезбедуваат врз основа на извештајот за извршениот обем на задачите и работите во пресметковниот период што се доставува до надлежниот сојузен орган на управата за работи на финансиите.

Член 10

Оваа самоуправна спогодба се смета како склучена кога, по пропишаната постапка и во идентичен текст, ќе ја усвојат работните заедници на сојузните органи.

Овластените претставници на работните заедници на сојузните органи ќе ја склучат оваа самоуправна спогодба ако претходно ја прифати мнозинството на работниците во работната заедница.

Измени и дополненија на оваа самоуправна спогодба се вршат по постапката и на начинот што се предвидени за нејзиното склучување.

Член 11

Заради следење на спроведувањето на оваа самоуправна спогодба учесниците во нејзиното склучување формираат комисија.

Комисијата ја сочинуваат девет членови од кои по еден член делегираат Сојузниот одбор на Синдикатот на работниците на управата, правосудството и финансиските организации и Комисијата за следење на спроведувањето на Општествениот договор, а седум членови заеднички делегериаат работните заедници на сојузните органи – учесници на оваа самоуправна спогодба.

Изборот на седум членови на Комисијата што заеднички ги делегираат работните заедници на сојузните органи – учесници на оваа самоуправна спогодба, го организира и постапката на изборот ја спроведува Сојузниот одбор на Синдикатот на работниците на управата, правосудството и финансиските организации.

Претседателот и членовите на Комисијата имаат заменици.

Претседателот на Комисијата односно неговиот заменик и член на Комисијата кого го делегира Сојузниот одбор на Синдикатот на работниците на управата, правосудството и финансиските организации.

Комисијата донесува деловник за својата работа.

Член 12

Комисијата ги врши следните работи:

1) дава мислења и објаснувања за применување на одредбите на оваа самоуправна спогодба, како и за други прашања од значење за нејзиното остварување;

2) го следи применувањето на одредбите од оваа самоуправна спогодба и за тоа ги известува учесниците на оваа самоуправна спогодба;

3) разгледува и дава иницијативи за измени и дополненија на одредбите на оваа самоуправна спогодба, односно за преиспитување на утврдените норми;

4) ги евидентира самоуправните општи акти на работните заедници што се однесуваат на стекнувањето и распределбата на средствата за лични доходи по основ на утврдените единствени нормативи и ја цени нивната усогласеност со одредбите на оваа самоуправна спогодба;

5) врши и други задачи и работи утврдени со оваа самоуправна спогодба.

Член 13

Ако се оцени дека утврдената норма е нереална или ако се измени методот на работа во вршењето на одделни задачи и работи, односно ако со воведувањето на автоматизација и механизација на трудот се измени начинот на вршење на одделни задачи и работи, ќе се врши преиспитување на утврдените норми по оваа самоуправна спогодба.

Иницијатива за преиспитување на утврдените норми може да даде учесник во склучувањето на оваа самоуправна спогодба и Комисијата за следење на нејзиното спроведување.

Преиспитување на утврдените норми врши Комисијата за следење на спроведувањето на оваа самоуправна спогодба.

Ако во постапката на преиспитувањето на утврдените норми се утврдат одделни факти односно околности од став 1 на овој член, се поведува постапка за измена на оваа самоуправна спогодба.

Член 14

Постапка за измени и дополненија на оваа самоурпавна спогодба може да се поведе кога учесниците во нејзиното склучување ќе најдат заеднички интерес да утврдат единствени нормативи за распределба на средствата за лични доходи на работниците што работат на одделни задачи и работи што не се опфатени со одредбите на оваа самоуправна спогодба.

Иницијатива за измена и дополнение на оваа самоуправна спогодба можат, во смисла на став 1 на овој член, да дадат учесниците во нејзиното склучување и Комисијата за следење на нејзиното спроведување.

Член 15

Работните заедници на сојузните органи, во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на оваа самоуправна спогодба, ќе ги усогласат самоуправните општи акти за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и за распределба на средствата за лични доходи со одредбите на оваа самоуправна спогодба и ќе ги достават на Комисијата.

Член 16

Учесниците на оваа самоуправна спогодба ќе ја формираат Комисијата најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на самоуправната спогодба.

Комисијата во рок од наредните 15 дена ќе го донесе својот деловник за работа и ќе почне со работата.

V. Завршни одредби

Член 17

Оваа самоуправна спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Самоуправната спогодба по овластувањето на работните заедници ја потпишаа:

ЗА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ,

За Сојузниот секретаријат за надворешни работи,
**Драгољуб Ѓорѓевиќ**, с. р.

За Сојузниот секретаријат за внатрешни работи,
**Душан Ѓуровиќ**, с. р.

За Сојузниот секретаријат за финансии,
**Миливое Јосифовиќ**, с. р.

За Сојузниот секретаријат за надворешна трговија,
**Веселин Чагоровиќ**, с. р.

За Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи,
**Горан Ѓуриќ**, с. р.

За Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа,
**Божидар Новаковиќ**, с. р.

За Сојузниот секретаријат за информации,
**Жељко Бисерко**, с. р.

За Сојузниот комитет за енергетика и индустрија,
**Бошко Меѓо**, с. р.

За Сојузниот комитет за земјоделство,
**Верица Јанковиќ**, с. р.

За Сојузниот комитет за сообраќај и врски,
**Милосав Томиќ**, с. р.

За Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
**Драгутин Ковијаниќ**, с. р.

За Сојузниот комитет за прашањата на борците и воените инвалиди,
**Смилја Тишма**, с. р.

За Сојузниот комитет за законодавство,
**Невенка Драговиќ**, с. р.

За Работните заедници на Сојузната управа за царини,
**Драгутин Симовски**, с. р.

За Сојузната управа за контрола на летањето,
**Милисав Стојановиќ**, с. р.

За Сојузната управа за радио-врски,
**Миомир Михаиловиќ**, с. р.

За Сојузниот пазарен инспекторат,
**Петар Ранчковиќ**, с. р.

За Сојузниот девизен инспекторат,
**Мирослава Миликев**, с. р.

За Сојузниот воздухопловен инспекторат,
**Милена Лучиќ**, с. р.

За Сојузниот завод за општествено планирање,
**Милка Вранеш**, с. р.

За Сојузниот завод за статистика,
**Винко Глушац**, с. р.

За Сојузниот завод за меѓународна научна, просветно-културна и техничка соработка,
**Лилјана Киш**, с. р.

За Сојузниот хидрометеоролошки завод,
**Верица Гбурчик**, с. р.

За Сојузниот завод за стандардизација,
**Живота Живковиќ**, с. р.

За Сојузниот завод за патенти,
**Радулка Трифуновиќ**, с. р.

За Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
**Зоран Божовиќ**, с. р.

За Сојузниот геолошки завод,
**Радоица Митровиќ**, с. р.

За Сојузната дирекција за стоковни резерви,
**Будимир Гојковиќ**, с. р.

За Сојузното биро за работи на вработувањето,
**Стојанка Раденовиќ-Петковиќ**, с. р.

За Архивот на Југославија,
**Јован Поповиќ**, с. р.

За Службата на Собранието на СФРЈ,
**Чедомир Ѓуриќ**, с. р.

За Службата на Претседателството на СФРЈ,
**Милка Сокиќ**, с. р.

За Службата на Советот на федерацијата,
**Богољуб Петровиќ**, с. р.

За Службата на генералниот секретаријат на Сојузниот извршен совет,
**Планинко Капетановиќ**, с. р.

За Протоколот на Сојузниот извршен совет,
**Здравко Маловиќ**, с. р.

За Службата за одбранбени подготовки на Сојузниот извршен совет,
**Миломир Микиќ**, с. р.

За Службата за персонали работи на Сојузниот извршен совет,
**Јован Грбиќ**, с. р.

За Службата на Уставниот суд на Југославија,
**Љубица Марковиќ**, с. р.

За Службата на Сојузниот суд,
**Владимир Михајловски**, с. р.

За Сојузното јавно обвинителство,
**Воислав Вукотиќ**, с. р.

За Сојузното јавно правобранителство,
**Љубинка Црњански**, с. р.

За Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето,
**Воислав Пантелиќ**, с. р.

За Сојузниот совет за прекршоци,
**Томица Делибашиќ**, с. р.

За Управата на деловните згради на сојузните органи,
**Милутин Радовановиќ**, с. р.

За Автосервисот на сојузните органи,
**Воислав Шумоња**, с. р.

За Сервисот за биротехнички работи на сојузните органи на управата и сојузните организации,
**Ѓорѓие Радуловиќ**, с. р.

За Сервисот за финансиско-материјални работи на сојузните органи на управата и сојузните организации,
**Јаворка Ѓорѓевиќ**, с. р.

За Сервисот за давање услуги за потребите на репрезентацијата на сојузните органи,
**Петар Глишиќ**, с. р.

За Службата за работи на преведувањето,
**Милосав Милосавлевиќ**, с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

**ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 2 СТАВ 2 ОД ЗАКОНОТ НА СР СРБИЈА ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОБРЗ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ И ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1982 ГОДИНА ДО 1985 ГОДИНА И НИВНАТА СПРОТИВНОСТ СО ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛ. 1 И 4 ОД СОЈУЗНИОТ ЗАКОН ЗА ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА**

1. Заедницата за осигурување на имоти и лица од Белград поведе пред Уставниот суд на Југославија постап-

ка за оценување на уставноста на одредбите на член 2 став 2 од Законот на СР Србија за начинот на обезбедување средства за побрз развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја во периодот од 1982 до 1985 година и нивната спротивност со одредбите на чл. 1 и 4 од сојузниот Закон за постојните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година. Предлагачот смета дека заедниците за осигурување на имоти и лица не спаѓаат во организации на здружен труд и дека според член 23 од Уставот на СФРЈ, средствата за осигурување не можат да се третираат како средства за општествена репродукција ниту да се ограничува нивното располагање.

2. Со оспорените одредби на републичкиот закон („Службени гласник СР Србије", бр. 68/81, 48/82, 21/83, 50/83, 27/84, 2/85, 27/85 и 52/85), кој важеше до 23 март 1986 година, беше уредено, во смисла на тој закон, како основни организации на здружен труд што уплаќаат задолжителен заем и здружуваат средства, да се сметаат организациите кои според Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/76, 62/77 и 72/80), се распоредени во областите од 01. до 11, со определени исклучоци.

3. Со одредбите на чл. 1 и 4 од наведениот сојузен закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80, 42/82 и 74/82), беше предвидено постојните средства на Фондот на федерацијата за споменатите намени да се формираат според пропишаните стапки, средствата да ги уплатуваат основните организации на здружен труд што вршат стопанска дејност, како и начинот на обезбедување средства да го утврдуваат републиките и автономните покраини.

4. Уставниот основ за формирање на Фондот на федерацијата и за уредување со сојузен закон на постојните извори на средства на тој фонд, посебните услови за кредитирање и начинот на работење на Фондот, е заснован врз одредбата на член 258 ст. 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, а не врз одредбите на член 23 од Уставот на СФРЈ, како што тоа го смета овластениот предлагач.

Според оцената на Уставниот суд на Југославија, со оспорениот закон можеше да се уреди кругот на обврзниците, основицата и стапката за обезбедување на тие средства, и нема спротивност на оспорениот републички закон со наведениот сојузен закон. Во смисла на член 12 став 2, член 42 и член 45 од Уставот на СФРЈ, односно одредбите на член 17, член 22 став 5, член 29 и член 30 од Законот за здружениот труд, под општествени правни лица што вршат стопанска дејност не се подразбираат само основните организации на здружен труд, туку и организациите и заедниците во кои тие здружиле средства, во конкретниов случај - заедниците за осигурување на имоти и лица што вршат финансиска дејност. Затоа можеше со оспорениот закон да се уреди овие заедници од средствата на деловниот фонд да уплатуваат задолжителен заем односно да здружуваат средства за предвидените намени.

5. Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 24 септември 1986 година, врз основа на член 375 став 1 точ. 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, донесе

### Одлука

Се одбива предлогот на Заедницата за осигурување на имоти и лица од Белград, да се утврди дека одредбите на член 2 став 2 од Законот на СР Србија за начинот на обезбедување средства за побрз развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја во периодот од 1982 до 1985 година се несогласни со Уставот на СФРЈ и дека се во спротивност со одредбите на чл. 1 и 4 од сојузниот Закон за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година.

Оваа одлука Судот ја донесе во следниот состав: претседател на Судот Иван Франко, и судии: м-р Милован Бузаџиќ, Божидар Булатовиќ, Рамадан Враниќи, д-р Васил Гривчев, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Славко Кухар, Радко Мочивник, Мустафа Сефо, Милосав Стиовиќ, д-р Јосиф Трајковиќ, д-р Александар Фира и Душан Штрбац.

У бр. 173/85
24 септември 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Иван Франко**, с.р.

## ОДЛУКА
### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА, СКЛУЧЕНА МЕЃУ ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД „ИСТРАТУРС", ОД УМАГ, И ИЗНАЈМУВАЧИТЕ НА ЛЕГЛА, ОД 6 МАРТ 1982 ГОДИНА

1. Основната организација на здружен труд „Истратурс", од Умаг поднесе предлог до Уставниот суд на Југославија за оцена на Самоуправната спогодба за деловна соработка од 1982 година што ја склучи со граѓаните - изнајмувачи на легла и да утврди со одлука таа спогодба е во согласност со Уставот на СФРЈ.

2. Според одредбата на член 375 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија оценува дали определен закон, пропис, друг општ акт на органите на општествено-политичките заедници или самоуправен општ акт е во согласност со Уставот на СФРЈ, односно дали републички или покраински закон е во спротивност со сојузен закон.

Со оглед на тоа дека со предлогот на овластениот предлагач не се оспорува уставноста на наведената самоуправна спогодба, туку се бара потврда за неговата уставност, во смисла на наведената уставна одредба за таква оцена Уставниот суд на Југославија не е надлежен.

3. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ, на седницата одржана на 10 октомври 1986 година донесе

### Одлука

Се одбива предлогот на Основната организација на здружен труд „Истратурс", од Умаг, да се утврди дека Самоуправната спогодба за деловна соработка од 6 март 1982 година е во согласност со Уставот на СФРЈ.

Оваа одлука Судот ја донесе во состав: претседател на Судот Иван Франко и судии м-р. Милован Бузаџиќ, Божидар Булатовиќ, Рамадан Враниќи, д-р Васил Гривчев, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Славко Кухар, Радко Мочивник, Мустафа Сефо, Милосав Стиовиќ, д-р Јосиф Трајковиќ, д-р Александар Фира и Душан Штрбац.

У бр. 351/85
15 октомври 1985 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Иван Франко**, с. р.

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЧЛЕН 68 ОД ЗАКОНОТ НА СР СРБИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ САНКЦИИ

1. Со Одлуката У бр. 173/84 од 22 октомври 1985 година, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 67/85, Уставниот суд на Југославија утврди дека одредбите на член 68 од Законот на СР Србија за извршување на кривични санкции („Службен гласник на СР Србија", бр. 26/77 и 50/84) не се во согласност со Уставот на СФРЈ и дека се во спротивност со Кривичниот закон на СФРЈ.

2. Бидејќи Собранието на СР Србија, во рокот утврден со член 384 став 2 од Уставот на СФРЈ, не ја усогласи оспорената одредба на Законот за извршување на кри-

вични санкции со Уставот на СФРЈ, ниту ја отстрани нејзината спротивност со сојузниот закон, Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 10 септември 1986 година, врз основа на член 384 став 2 од Уставот на СФРЈ, утврди дека одредбите на член 68 од Законот на СР Србија за извршување на кривични санкции престануваат да важат и едногласно донесе

Одлука

Одредбите на член 68 од Законот на СР Србија за извршување на кривични санкции престанаа да важат на 10 јуни 1986 година.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател Иван Франко, и судиите: Милован Бузаџиќ, Божидар Булатовиќ, Рамадан Враниќи, д-р Васил Гривчев, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Славко Кухар, Радко Мочивник, Јаким Спировски, Милосав Стијовиќ, д-р Александар Фира и Душан Штрбац.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во „Службен гласник на СР Србија".

У бр. 173/84
10 септември 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Иван Франко, с. р.**

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 97 СТАВ 2 ОД ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО СР ХРВАТСКА

1. Сојузот на самоуправните интересовни заедници за домување и комунални дејности на Хрватска, поведе постапка за оценување на законитоста на член 97 став 2 од Општите услови за испорака на електрична енергија во Сп Хрватска („Народне новине СР Хрватске", бр. 35/83) бидејќи во оспорените одредби е пропишано дека трошоците на баждарење ги поднесува сопственикот на мерните уреди што, според неговото мислење, е спротивно на член 41 ст. 4 и 5 од Законот за мерните единици и мерилата во кој е пропишано дека тие трошоци ги поднесува оној кој продава електрична енергија.

2. Во член 97 став 2 од Општите услови за испорака на електрична енергија во СР Хрватска, е пропишано дека трошоците за редовно одржување, замена и баждарење на уредите ги поднесува сопственикот на мерните уреди.

Со член 41 ст. 4 и 5 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84) е пропишано дека за периодичните прегледи на броилата на електрична енергија се должни да се грижат организациите на здружен труд кои продаваат електрична енергија, без оглед на тоа кој е имател на тие мерила.

Според оцената на Судот, одредбите на член 97 став 2 од Општите услови за испорака на електрична енергија се спротивни со член 41 ст. 4 и 5 од Законот за мерните единици и мерилата во делот во кој е пропишано дека трошоците на баждарењето на мерните уреди ги поднесува сопственикот на тие уреди.

Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 8 октомври 1986 година, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 35 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, едногласно донесе

Одлука

Се укинуваат одредбите на член 97 став 2 од Општите услови за испорака на електрична енергија во СР Хрватска („Народне новине СР Хрватске", бр. 35/83) во делот во кој е пропишано дека трошоците на баждарењето на мерните уреди ги поднесува сопственикот на мерните уреди.

Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: претседател на судот Иван Франко, и судиите: м-р Милован Бузаџиќ, Божидар Булатовиќ, Рамадан Враниќи, Славко Кухар, д-р Васил Гривчев, Радко Мочивник, Мустафа Сефо, Јаким Спировски, Милосав Стијовиќ, д-р Јосиф Трајковиќ и д-р Александар Фира.

У-бр. 164/86
8 октомври 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Иван Франко, с. р.**

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 69 СТАВ 2 ОД ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Самоуправната интересна заедница за домување на општината Сремска Митровица, поведе постапка за оценување на законитоста на член 69 од Општите услови за испорака на електрична енергија („Службени лист САП Војводине", бр. 18/83 и 21/83) зашто во оспорените одредби е пропишано трошоците за баждарење на мерни уреди да ги поднесува имателот - сопственикот на тие уреди, што според нејзино мислење е спротивно на член 41 од Законот за мерните единици и мерилата во кој е пропишано тие трошоци да ги поднесува оној што продава струја.

2. Во став 2 на член 69 од Општите услови за испорака на електрична енергија е пропишано трошоците за баждарење на уредите да ги поднесува имателот - сопственикот на тие уреди.

Во член 41 ст. 4 и 5 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84) е пропишано дека за периодичните прегледи на броилата на електрична енергија се должни да се грижат организациите на здружен труд што продаваат електрична енергија, без оглед на тоа кој е имател на тие мерила.

Според оцената на Судот, одредбите на член 69 став 2 од Општите услови за испорака на електрична енергија, во делот во кој е пропишано трошоците за баждарење на мерните уреди да ги поднесува имателот - сопственикот на тие уреди, се спротивни на член 41 ст. 4 и 5 од Законот за мерните единици и мерилата.

Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 8 октомври 1986 година, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 35 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, донесе

Одлука

Се укинуваат одредбите на член 69 став 2 од Општите услови за испорака на електрична енергија („Службени лист САП Војводине", бр. 18/83 и 21/83) во делот во кој е пропишано трошоците за баждарење на мерните уреди да ги поднесува имателот - сопственикот на тие уреди.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот Иван Франко и судии: м-р Милован Бузаџиќ, Божидар Булатовиќ, Рамадан Враниќи, д-р Васил Гривчев, Славко Кухар, Радко Мочивник, Мустафа Сефо, Јаким Спировски, Милосав Стиовиќ, д-р Јосиф Трајковиќ и д-р Александар Фира.

У бр. 99/86
8 октомври 1986 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Иван Франко, с.р.**

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

## ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПЕРУ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ПЕРУ

I

Се отповикува

Алија Вејзагиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Перу.

II

Се назначува

Ладислав Варга, досегашен член на Претседателството на Покраинската конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Војводина, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Перу.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 44
4 ноември 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Синан Хасани, с.р.**

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федертивна Република Југославија одлучува да се

одликуваат

Од Сојузните органи и организации

– за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Димиќ Стипе Никола, Камперелиќ Животе Живота, Стрика Вицко Славко, Вујисиќ Милете Душан;

Од СР Црна Гора

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Капичиќ Мила Владо;

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бошковиќ Бошка др Ѓурѓе, Nonveiller Egidija dr Ervin;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Рибариќ Евгена др Владимир, Симовиќ Радована др Веселин, Weissmann Josipa Ernest;

– за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Секулиќ Средоја Владимир;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бакиќ Војина др Радован;

ОД СР Хрватска

– по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во унапредувањето на мерно-регулациската техника и автомотизација, со што е сторен придонес за стопасниот напредок на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

ЈУРЕМА – Савез друштава за мјерно-регулацијску технику и аутоматизацију Југославије – Загреб;

– по повод осумдесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во основното образование и воспитување на млади генерации, како и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Основна школа „Антун Аугустинчиќ" – Запрешиќ;

– по повод двестегодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во основното образование и воспитување на млади генерации, како и за придонес кон ширењето на просветата и културата

ООУР Основна школа „Иванка Трохар" – Фужине;

– по повод деведесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во основното образование и воспитување на млади генерации во духот на братството и единството на нашите народи и народности, како и за придонесот кон ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Основна школа „Милан Шпаљ" – Загреб;

– по повод триесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во унапредувањето на земјоделското производство и пласманот на своите производи, со што е сторен придонес кон стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Вртларски комбинат „Житњак" – Загреб;

– по повод педесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во развивањето на културно-

-уметничкиот живот и за придонес кон ширењето на музичката култура

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА SВЕЗДА

Глазбено друштво Станковци, Бенковац;

– по повод педесетгодишнината од постаењето, а за заслуги во масовизирањето и развивањето на пингпонгарскиот спорт и за успеси постигнати на натпреварите

Столнотениски савез – Бјеловар;

– по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во унапредувањето на земјоделското производство и развивањето на здругарството

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

„Агроцентар" – пољопривредна заслуга – Сесвете; Пољопривредна задруга „Брод Моравице" – Брод Моравице, Делнице;

– за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Добровоиħ Прошпера Кузма, Опсеница Тодора Стеван;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Арбутина Станка Станко, Ламер Фердо Стјепан, Миличевић Васе Љубан,

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Бодрожић Стевана Јандрија, Броħило Јове Лука, Краљ Мије др Милан;

– за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Андрић Нико Зоран, Баук Јурја Фране, Бралић Марина Анте, Мениħанин-Мамузић Милоша Даница, Павичић Николе Динко, Сушец Јосипа Стјепан, Шарчевић-Црнковић Стјепана Амалија, Шаша Дмитра Милан, Шифтер Стјепана Иван, Веверка Ђуре Звонко;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредкот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДЕТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Старевић Николе Душан;

Од СР Македонија

– по повод дваесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Фабрика за волнена, памучна и свилена трикотажа „Стружанка" – Струга;

– по повод четириесетгодишнината на јавниот патнички сообраќај, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Работната организација за превоз на патници и стоки „Пелагонија-турист" – Прилеп;

РО „Макпетрол" – Скопје, ООЗТ „Млаз" – Богданци;

– за особени заслуги на плоето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Андреевски Цветко др Урош; Герасимоски Дуке Гере;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Војданоски Паско Благоја;

Од СР Словенија

– по повод стогодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во негувањето на хорското пеење и за придонес кон развивањето на културно-забавниот живот во својата средина

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Мушки хор „Липа" – Литија;

– по повод осумдесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на планинарско-смучарскиот спорт и за придонес кон негувањето на традициите од Народноослободителната борба

Планинското друштво „Лисица" – Севница, Кршко;

– по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето и унапредувањето на стоматолошката служба, како и за значаен придонес кон стручното издигање на кадри

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Друштво зубарских здравствених радника Словеније – Љубљана;

– по повод дваесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во образованието на стручни и научни кадри и за придонес кон развојот на техничките науки

Висока техничка школа – Марибор;

– по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во образованието на стручни кадри и за придонес кон унапредувањето на здравствената служба

Универзитет „Едвард Кардељ" – Љубљана;

Виша школа за здравствене раднике – Љубљана;

– по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Железничка привреда „Мостовна", предузеће за израду челичних конструкција и дизалица – Љубљана;

– по повод триесет и петгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во развивањето на културно-уметничкиот живот и за придонес кон ширењето на аматерското музичко творештво

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА SВЕЗДА

Синдикални дувачки оркестар „Литострој" – Љубљана;

– по повод сто и десетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во спасувањето на општествениот и личниот имот и ширењето на пожарникарството, со што е сторен придонес кон социјалистичката изградба на земјата

Ватрогасно друштво – Радље об Драви;

- по повод дваесет и петгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

РО „Metalflex" Предузеће за производњу индустријске опреме - Толмин;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Јерман Марије Јанез;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Франк Јоже Иван;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Трошт Франца Јанез;

Од СР Србија

- по повод сто и педесетгодишнината од основањето на првиот српски театар, а за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на драмската уметност и за особени придонес кон ширењето на театарската култура и негувањето на братството и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Театар „Јоаким Вујић" - Крагујевац;

- по повод четириесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во приближувањето на книгата кон читателите и за унапредување на библиотекарството, со што е сторен значаен придонес кон ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Народна библиотека „Жика Поповић" - Шабац;

- по повод осумдесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнаги во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата, како и за значаен придонес кон развивањето на напредното работничко движење

РО „Београдски вунарски комбинат" - Београд;

- по повод триесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

РО „Власинске хидроелектране" - Сурдулица;

- по повод триесетгодишнината од излегувањето, а за заслуги и успеси постигнати во развојот на сметководството и деловните финансии во организациите на здружен труд, како и за придонес кон стручното образование на кадри

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Публикација „Књиговодство" - Савеза рачуноводствених и финансијских радника Србије - Београд;

- за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

„Челик", радна организација за промет челика - Београд

- по повод триесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

„Град", грађевинска радна организација - Косјерић;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Брајовић Спасоја Петар, Јелић Светислава др Боривој;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичата изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Дондур-Лаличић Риста Даринка, Јовић Миодрага др Борислав, Трнинић Обрада Душан;

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Анагности Димитрија Петар, Ћировић Милисава др Милутин, Ковач Илије др Оскар, Вилић Добросава Милан, Зрнић Јована Предраг;

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придносува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ћосић Војислава Драгољуб, Дивјак Миладина Петар, Луковић Драго Властимир, Нигриновић Богдана Властимир, Павлица Ђуро др Јован, Петровић Дане Стево, Поповић Милана Богољуб, Прерадовић Александра Момчило, Ралчевић Љубомира Томислав, Рашета Јове Дане, Симић Радослава Добривоје, Шћепановић Милоша Мојсије, Шеловић Илије Раденко, Шошкић Милосава Влајко, Тричковић Светислава Видосав, Ускоковић Живојина Светислав, Величковић Живка Сретен,

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Томановић Гвоздена Милић, Вујић Драгића Јован, Живановић Вучка Радивоје;

- за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воеcivilно стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА НАРОДНА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Станковић Илије Стево;

Од САП Косово

- за особени заслуги и успеси постигнати во развивањето на културно-забавниот живот и негувањето на народниот мелос во својата средина, како и за придонес кон ширењето на братсвото и единството помеѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Музичко друштво „Хајдар Души" - Ђаковица;

- за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за развојот на туристичкото стопанство

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ро ХТ „Метохија" - Пеħ;

– по повод дваесет и петгодишнината од постоењето, а за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

РО Индустрија за прераду пластичних маса „18. новембар" – Ораховац;

– за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

Водопривредна грађевинска организација УР „Бистрица" – Дечани

Од САП Војводина

– по повод дваесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во лекувањето и сузбивањето на туберкулозата и други болести на белите дробови и за придонес кон унапредувањето на здравственат служба и стручното издигање на кадри

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Медицински факултет – Нови Сад, ООУР Институт за плућне болести и туберкулозу – Сремска Каменица;

